*Универзитет Св.Кирил и Методиј – Скопје*
*Филозофски факултет*
*Институт за педагогија*

# ***Учебникот како компонента за реализација на воспитно – образовен процес***

Магистерски труд

Кандидат :
Самије Алили

Ментор:
проф.др. Снежана Адамческа

Скопје,2011

**Содржина:**

I. **Теоретски осврт на проблемот**

**Вовед**............................................................................................................ 4

1. Терминолошки определби и анализа на основните поими ..........................................6

2. Историски развој на учебникот како компонента на воспитно-образовниот процес..........................................................................................................10

3. Учебникот во организација на воспитен-образовен процес ....................................13

   3.1. Учебникот во фронтална форма на наставната работа..............................................................................................18

   3.2. Учебникот во индивидуална форма на наставната работа.............................21

   3.3. Учебникот во групна форма на наставната работа........................................23

   3.4. Учебникот во активна настава.......................................................................... 25

4. Видови на учебници..................................................................................................26

5. Значење на учебникот..................................................................................................33

6. Вредноста на учебникот ............................................................................................ 35

7. Примена на учебникот во наставата и наставните методи.......................................38

   7.1. Методи заосновани на текст и збор ..............................................................41

   7.2. Демонстративна метода .....................................................................................43

   7.3. Методи на практична работа на учениците ......................................................45

8. Модели на примена на учбеникот .................................................................................47

   Модел 1. Учебникот како директен извор на знаења ..............................................48

   Модел 2. Учебникот како можност за анализа на текст ..........................................49

   Модел 3. Учебникот како можност на илустративен материјал..................................50

   Модел 4. Содржините на учебникот како на иницијација на активности на наставниот час ................................................................................................ 54

**II.. Методолошки пристапконпроблемот**......56

1. Предмет на истражувањето ......56

2. Цел и задачи на истражувањето ......58

3. Хипотези ......59

3.1. Генерална хипотеза ...... 59

3.2. Посебни хипотези ......59

4. Варијабла......60

5. Примерок ......61

6. Карактер на истражувањето......64

7. Методи и техники на истражувањето ......65

7.1. Техники на истражувањето......66

8. Инструменти на истражувањето......67

9. Обработка на податоците......68

**III. Анализа и интерпретација на податоците**......69

1.1.Анализа и интерпретациа на резултатите од анкетата спроведена кај наставниците......70

1.2.Анализа и интерпретациа на резултатите од интервјуирање на учениците......87

**IV. Заклучни согледувања**......105

**V. Преглед на користена литература**......108

**VI. Прилози**......110

# *I. Теоретски осврт на проблемот*

## Вовед

Повеќегодишното проучување на работата на учениците покажа дека станува збор за многу актуелен педагошки проблем, со големо општествено теориско и практично значење.

Актуелноста на проблемот ја условуваат голем број чинители, но еден од најсуптилните е мегапреминот од индустриско во информатичко општество. Имено, крајот на 20 век, на глобален план, го карактеризират коренити и драматични општествени, економски, технички и технолошки промени, со брзо застарување на постојните и ерупција на нови процеси, системи на знаења нови науки, дејности, професии изголемен фонд на слободно време. Во овој контекст доквалификациите, преквалификациите, перманентното учење и самообразование станаа составен дел на животот.

Меѓу тие средства и извори особено се истакнува учебникот со неговата интеракциска комуникација, како основно наставно средство. Тој, се повеќе ја губи улогата на единствен авторитативен извор на знаења. Се мултилицира, се усовршува се почесто јавувајќи се во корелација со други средства за комуникација и пренесување на информации (прирачни, аудиовизуелни и други дидактички материјали). На ученикот му се наметнуваат нови и големи барања со што и целите и задачите му стануват посложени .

Учебникот ја изгуби поранешната стара монолошка положба, но тој не ја изгуби својата доминантна улога, својот примат, затоа што во најново време учебникот е координатор на различните наставни средства кои учествуваат во ефектуирањето на наставниот процес ,односно тој нив ги поврзува во единство.

За да ја добие оваа улога учебникот поминал низ историја која е долга колку што е долга историјата на училиштето.

Учебникот постои и е стар колку што е стара наставата и училиштето. Тој се задржал како извор на знаења во сите негови трансформации и неговиот развиток е тесно поврзан со развитокот на наставата.

Значи, како се развивала наставата и воопшто системот на образованието така и учебникот ги доживувал своите развојни промени.

Теориската основа на учебникот ја чини сфаќањето дека учењето е активен а не пасивен процес, а учебниците стредство за самоучење, кои ќе ги стават учениците пред различни предизвици коишто треба самостојно да ги решаваат упатувајќи ги на други извори на знаења и поттикнувајќи ги на активности.

Практиката говори дека тешко се одделуваме од старото, традиционалното - концепирањето на учебникот, неговата структура , функција и физиономија .

Поради местото и значањето што го има учебникот во наставниот процес ,а поради фактот што треба постојано да се усовршува за да може да одговори на современите барања на наставата, учебникот станува предмет на интересирање на Меѓународната организација за образование и култура при УНЕСКО .

Во препораката бр.48, која е упатена до националните Министерства на земјите членки на оваа организација, се дадени многу значајни насоки за изработката, изборот на наставните содржини и употребата на учебниците во основните училишта.

Во Македонија исто така учебниците се изработуваат согласно Наставниот план и програми за соодветното одделение или паралелка и предмет, како и согласно Концепцијата за учебник. А тоа во РМ е од посебна важност, и во врска со важноста на учебникот во наставниот процес имаме наведено во понатамошните анализи, коментари, наши ставови но и искуства на практични истражувања.

## 1. Терминолошки определби и толкувања на основните поими

Во овој дел точно се дефинирани сите клучни поими кои произлегуват од самиот наслов, а кои воедно се носечки и особено важни за подобро да се разбере она што е предмет на елаборација на овој труд и со тоа се исклучува можноста тие да бидат погрешно сфатени и погрешно толкувани. Основни поими кои се среќаваат во овој труд и ќе бидат во функција на предметот на истражување се: ***учебник, воспитание, образование, воспитно-образовен процес, концепција на учебник*** и сл.

Има разни појаснувања во врска со поимот учебник[1] но ние ќе се определиме за некои за кои сметаме дека се од поважен карактер:

1. ***Учебникот*** е основна училишна книга, за разлика од останатите како допонителна и помошна литература во текот на школувањето. Под ова се подразбира дека учебникот е неопходно нешто за реализација на наставниот процес и цели на образованието. Исто така школувањето без учебник е невозможен процес.Токму за ова, во научното секојдневие има дикусии за "I teaching and I books"[2].

2. ***Учебникот*** е пишуван врз основа на предвидениот план и програма, што не е случај со останатата научна и стручна литература.

3. ***Учебникот***, учениците речиси секојдневно го употребуват во своето школување заради образование, односно самообразование, додека останатата литература ја проучуват повремено и привремено. Во оваа смисла учебникот се употребува како основен текст преку кој учениците доаѓаат самостојно до стекнување на основни знаења. Во ова смисла учебникот му помага на ученикот, но и му ја олеснува многу работата на учителот за понатамошни педагошки промени во наставно-образовниот процесс.

4. ***Учебникот*** по својата основна намена треба да биде дидактички обликуван заради пропорционално, пооптимално, поекономично и поефикасно образование, што не важи за останатата литература. Гледано на точките пропорционално и оптимално, мислиме дека треба да креираме што поедноставни нешта во учебниците, за да учениците на побрз начин сфатат за што се работи.
5. ***Учебничката форма***, се разликува од другите видови текстови и врз основа на ова, не секој текст може да биде учебник или пак да служи на училишното

---

[1] Пољак, В. (1988): *Дидактичко обликовање уџбеника и приручника*,. Загреб , Школска Кwига, стр. 29

[2] I teaching е еден метод за примена на компјутерска настава во училиштето но и е многу проширена на западните земји како што се САД, Германија, Австрија и.т.н. А исто така на овој наод може да се зборува и за I books, што значи дека има целосни книги и учебници во елелктрноска форма, во Македонија овие промени се во дискусии се уште, но на кус рок ќе има и тука вакви промени што можат да доведат и до укинување на хартиените книги.

образование.[3] Во оваа насока и ние се сложуваме со Полјак, затоа што на едноставен начин, не секој текст може да биде образовен текст, туку тој треба да биде што поефикасен и поблизок за учениците, за да тие можат да дискутираат за секаков вид наставен проблем. Ние не сме против другите видови текстови, туку тие според нас се дополнителни, и тие видови текстови треба што поорганизирано да се применат во наставата.

6. ***Учебникот***, учениците треба да го сфатат и како содржина но и како општо наставно дело. И во овој смисол ние се сложуваме со Полјак, како што тој ги навел во погорните тврдења. [4]

7. ***Учебник*** е извор на знаење и дидактички обликувано наставно средство за воспитна образовна работа кое ги содржи резултатите на современата наука прилагодени на психофизичката возраст на ученикот, чија употреба овозможува постигнување на воспитно образовни цели и стандарди на знаења утврдени со Наставниот план и програма.

Учебникот во смисла на овој закон ги содржи и прирачниците, збирките задачи, работните тетратки, контролните задачи, тестовите, хрестоматиите, практикумите, речниците и другата придружна литература што е неопходна за реализирање на програмите на воспитно - образовната дејност во основното и средното образование утврдени со Наставниот план и програма.[5]

**Според** горенаведените точки, можеме да контстатираме дека ***Учебникот*** се дефинира како масовна книга за учење во која се изложени предметните содржини, утврдени со училишната програма, која учениците задолжително ја усвојуват во зависност од своите возрасни и други особини.

***Учебникот*** по својата темелна трансформираност не само што претставува значаен извор на знаења, туку и средство за духовен и интелектуален развиток, мотивационо средство за развиток на способностите и поттик за креативно мислење. Воспитно-образовниот процес е тесно поврзан со концепциите, образованието и воспитанието.

Тие можат да се објаснат на различни начини, но едно може да се каже - дека воспитание без образование нема, но и спротивното не доаѓа во предвид. Како средна нивна компонента е наставата преку која се превземаат елементи и од едната и од другата страна.

Според некои, ***образованието*** е една од основните дидактички компоненти, меѓутоа ова е дискутабилно, затоа што целиот живот е образование.[6] Понатаму, да се образуваш е да стекнеш знаења, навики од обемот на книги но и надвор во средината.[7]

---

[3] Пољак, В. (1988): *Дидактичко обликување уџбеника и приручника*, Загреб, Школска Књига, стр. 30
[4] Пољак, В. (1988): *Дидактичко обликовање уџбеника и приручника*, Загреб, Школска Књига, стр. 30
[5] Грковска, С. (2010):*Предлог за донесување на закон за учебниците за основното и средното образование*, Скопје, Биро за Образование на РМ, стр. 4,
[6] Прешева, А. (1997): *Филозофија на јазикот*. Приштина, Рилинdја. Стр: 100.
[7] Јохнсон, Л. А. (2002): *Teaching outside. Joseyy Bass. USA.*

***Образованието*** има значење за усвојување животни, но и попатни знаења и обем на позитивни навики.[8] ***Образование*** значи знаење и способности во неговото единство.[9] ***Образован*** е оној кој знае, кој е способен и кој ги поседува овие два квалитети[10].

***Образованието*** подразбира предавање и учење специфични вештини, и исто така нешто помалку опипливо но и позначајно: изградба на знаења, добро расудување и мудрост.[11] Како една фундаментална цел го има пренесувањето на културата од една генерација на друга. Така, нашите генерации зависат од овие видови образовни но и културни текстови, а за да се постигне таа цел, текстот не мора да биде едностран, туку треба да има широк мултидимензионален обем на информации. Сите овие тврдења, не пренасочуваат кон една главна но и важна цел, а тоа е, да имаме здрави но и спремни генерации кои би можеле да се восхитуваат на предизвиците на иднината. А ден по ден, иднината се влошува и што понатаму, како треба де се браниме од разните текстови што не се соодветни но и адекватни за воспитно-образовниот процес.

Образованието е најорганизиран и најсистематичен начин на стекнување знаења, а неговата суштинска одлука е општествено- историската условеност т.е целта и задачите произлегуваат од барањата на општетството, и ова е поврзано со училиштето .[12]

Суштината на воспитанието е обликување на внатрешноста на човекот со цел ослободување на неговите најблагородни потенцијали.[13] При воспитанието највлијателен момент е личноста на воспитувачот, а потоа неговите постапки и на крај тоа што тој го зборува. [14]

***Воспитанието*** е општествен и индивидуален акт кој се појавува како универзален процес кој истовремено помага за градењето на развивање на карактерот, на индивидуален план и семеен план, па потоа зајакнување на вредностите, а тоа претставува поглед на светот кај единката, кое најпрво започнува во семејната заедница, а потоа се продлабочува со влијанијата на околината, образованието, општествената средина.[15]

Воспитанието е една главна компонента преку која се оди до развивање на личноста од неколку аспекти, како што се:моралот, искреноста, чувствителноста,

---

8 Зајази, Т.(2003) :*Методологија на предавање и учење.*Тетово. Арбериа Дизајн. Стр. 713

9 Зилфиу, Н (1999):. *Општа Дидактика.* Приштина. Рилиндја. Стр: 135.

10 Мурати Џ. (2002): *Дидактика, методологија на настава.* Тетово, Чабеј. Стр: 262.

11 Османи, Ф. (2010): *Систем на вреднување во функција на образовниот процес (Докимологија).* Тетово, Лума. стр 34.

12 ***Училиште*** е учебна институција каде што според однапред утврден план и програма луѓето, обично во своите детски и младешки години, се здобиваат со знаење. Зајази, Тахир. (е веќе цитирано), стр: 365.

13 D. I. Gallagher: *The Achievement of Jacques and Raïssa Maritain: A Bibliography, 1906–1961,* NY, 1962

14 Robert Anthony Krieg, *Romano Guardini: A Precursor of Vatican II.* University of Notre Dame Press, 1997.

15 Емерлаху, Д. (1997): *Основи на методиката на воспитната работа.* Приштина, Рилиндја. стр:9.

солидарноста, низа други позитивни карактеристики, негова самостојност и определување за развивање на неговите потенцијали.

***Воспитно - образовен процес*** е заедничка активност и на наставникот и на ученикот, заснована на општествено одредени цели и задачи кои се остваруваат со дидактички обликувани содржини и различни средства. Тоа е плански организиран процес со кој раководи наставникот, со цел да им помогне на учениците да се стекнуваат со знаења, вештини, и да се развиват како личности.

Наставниот процес го подразбира и воспитанието и образованието, иако терминолошки тие се поширoки поими затоа што се одвиват и вон училиштето, на формален и неформален начин.

Ова значи дека не секогаш ние стекнуваме знаења само на организиран начин, туку знаења се стекнуваат и надвор од образовните институции.

***Воспитниот*** образовен процес може да го класифицираме според повеќе критериуми. Но нема да дискутираме за објект кој е пристап на недоразбирања меѓу педагозите но и научниците. Според функцијата на наставата, учебникот им помага на наставниците во планирањето на наставата. Во оваа смисла, учителите преку учебникот ги конкретизираат целите и задачите на наставниот волумен но и на обемот на знаењата за академската година во која се работи.[16]

Така во овој смисол се земаат во предвид и воспитнита и образовната компонента како главни единки за развивање на наставниот процес. Воспитанието и образованието секогаш се дел од секојдневието, а ние се приклонуваме кон нив.[17]

---

[16] Андонова Митревска Т. (2006): *Образовни Рефлекси.* Скопје, Биро за Развој за Образованието, бр.3-4.

[17] Вукашевич, А. (1998): *Педагогија,* Загреб. Школска Книга. Стр: 190.

## 2. Историски развој на учебникот како компонента на воспитно-образовниот процес

Општиот преглед на историскиот развој на учебникот како составен и нераздвоен дел од наставата, зборува дека тој се задржал како извор на знаења во сите негови трансформаци и неговиот развиток е тесно поврзан со развитокот на наставата. Во традиционалната настава доминантен бил традиционалниот учебник кој содржел факти, а од учебикот се барал нивна пасивна репродукција.

Современата настава бара современ учебник со повеќе идеи, а помалку факти, кој ќе го активира, иницира и провоцира ученикот кон откривање на непознатото. Значи, како се развивала наставата и воопшто системот на образование, така и учебникот ги доживувал своите бројни промени и трансформации, за тоа што промените во организацијата, методите и техниките на наставниот процес биле секогаш следени со соодведни промени во учебникот . Така менувајќи се, тој постојано се усовршувал. Кога се води доволно грижа за поврзување со содржините на другите области, може да се оцени дека активностите докажуваат најголем успех за тоа.[18]

Историјата на учебникот е долга колку што е долга историјата на образованието.Во почетокот, учебникот претставувал збирка на информации со голи необработени податоци без коментар.

Подоцна градбата на учебникот се збогатувала со одделни теми кои всушност претставувале развиени лекции - наставни единици.[19]

Со текот на времето учебниците станувале книги од кои учеле учениците. Со изведувањето на наставата сé повеќе раководел учебникот а сé помалку програмата. Учебникот интензивно почна да се развива во средината на минатиот век, во педесетите години и трае до денешни дни. Со развојот на воспитно-образовниот процес учебникот ја има главната улога заедно со работните материјали како негови дидактички следбеници и нивната заедничка примена во наставата и учењето. Но учебникот е еден значаен белег во развојот на наставата во училиштето.

Тој се применува во сите периоди и тоа од постоењето на училиштето до денес. Во последните 20- тина години е направен голем напредок во усовршувањето на воспитно-образовниот процес од сите негови аспекти, па и усовршувањето на

---

[18] Ничковиќ, Р. (1997): *Уџебник као предмет научних истажувања*, Београд, Завод за уджбенике и наставне средства. Стр.125

[19] Последниве дваесет години навлегоа многу проекти кај нас вон нашиот образовен систем за подобрување и реформирање на организацијата на наставата. Од 2006 и 2007 почна системот на деветолетка според концептот на деветолетка, што ги задолжува сите деца стари пет и осум месеци да се приклучат во вопитниот образововниот систем( Сл. Весник: 4/2004). Биле преземени сите мерки и подготовки на книгите за прво оделение за успешна организација на воситно образовен процес. (Службен весник, број4/2004)

учебникот како една негова неодминлива компонента треба да биде усмерено во тој правец, поради тоа што без учебник не може да се реализира воспитно-образовниот процес.Сите овие податоци покажуваат дека учебникот е многу важен прирачник на секој наставник.

Меѓу сите наставни средства, учебникот претставува не само најстар, туку и најзначаен елемент во наставата. Тој го завзема централното место во наставата и учењето.

Порано учебникот имаше функција за јасно и точно излагање на градивото и давање само на информациии преку експликативен текст, додека денес учебникот го скратува, намалува текстот, но затоа го проширува и умножува дидактичкиот апарат, елементите со чија помош информациите се подготвуваат за наставна употреба, односно оние елементи кои од извор на информации го трансформират во преносник на знаењата и помошно стредство во наставата.

Во последните години особено се развива издавачката дејност во областа на учебниците, се води особена грижа за обезбедување на учебници за сите наставни предмети и степени на образование.Уште со појавата на законските нормативи[20], за задолжително образование, се додава и задолжителен учебник како значајна одредба бидеќи за секое воспитно-образовно подрачје (наставен предмет) се пропишува и задолжителен учебник во кој е содржано градивото пропишано со наставната програма.[21]

Од таму се изготвуват општи и посебни концепти за изготвување на учебниците за релизација на наставата во училиштето. Значи подготовката на еден учебник зависи од тоа за која насока на образование е дестиниран (професионална, техничка, општа или други примероци на организирање на наставата). Композицијата на еден текст се осврнува на неколку барања: како прво учебникот да биде подготвен во таа смисла кој кај учениците ќе вроди предрасуди, концепти, поими и учени идеи за некој проблем.

Кај нас, во Р.Македонија може да се каже дека постојат повеќе модели за организација на воспитно образовниот процес, но за тоа постојат и се релевантни курикулумите[22] и нивното дизајнирање, како на национално ниво, така и на светско ниво, иако кај нас тие се́ уште се нарекуваат дневни планови па до годишни планови.[23]

---

[20] Според законите на РМ, пропишани во 2008, Сл. Весник: 4/2008-4. Тука се наведува дека и средното образование е задолжително за сите ученици што завршуваат основно Училиште.

[21] Под модерниот термин, наставна програма се подразбира подготовка и прилагодување со резултатите од научните истражувањето во врска со професионалното мислење како учениците полесно да учаат. (Зајази, Т. (2003)*Методологија на настава и учење*, Скопје. Стр:699)

[22] Курикула е основен наставен доцумент, каде главна улога има ученикот. Главни елементи на курикулата се: програмата и содржината. (Зајази, Т. (2003)*Методологија на настава и учење*, Скопје. Стр:699)

[23] Мурати, Џ. (2002): *Дидактика, методологија на Наставата.* Тетово, Чабеј. Стр:262-263.

После неколкуте големи проекти во нашето образовани: *Чекор по чекор*, *Активна настава*, навистина во поголем број навлегоа овие педагошки идеи и извршија трансформација кон отворено образование во постоечките можности и рамки.

Кај нас постојат образовни стандарди, со што се избегнува несистематското и едностраното учење. Но уште повеќе е значајно што училиштата работат со поголемо уважување на личноста на ученикот, поттикнување на неговите потенцијали, се работи со различни форми на наставната работа, со флексибилен распоред и користење на времето.

Правецот на промените кон кои се насочува нашето образование е изработка на нов наставен план и програма со кои ќе се постигне следново:

- На сите деца да им се гарантира поддршка во најзначајниот период на нивниот развој;
- Да се гарантираат подобри можности за континуирано учење за сите деца на училишна возраст од 6 до 14 години во основното училиште;
- Да се намали оптовареноста на учениците по одделни предмети со нагласување на методите на активно учење,
- Ќе се утврдат основните и повисоките знаења и способности по одделенија за одделни предмети, за секој развоен период во основното училиште;
- Ќе се води темелна грижа за нивото на знаења и развојот на способностите на учениците во клучните развојни периоди во првите три одделенија, а посебно во 6 одд. и во завршниот период на деветгодишното образование.[24]

[24] Национална Програма за развој на Образованиоето во Република Македонија (2005 2015), Министерство за Образование и за Наука, стр: 46-47

## 3. Учебникот во организацијата на воспитно-образовен процес

Учебникот во организирањето на наставниот процес е многу сличен на испреплетена мрежа со голем број разновидни елементи и фактори што се среќават во него. Се знае, дека учебникот се користи во планирањето на наставата и во самиот наставен процес, дека во него има идеи за организацијата на активностите во оделни етапи во наставата, при што може да се согледаат примери за поставување прашања, задачи, вежби за објективно оценување.




Освен тоа, може да се откријат и одредени недостатоци во разработката на содржините кои наставникот ќе ги надополни од други извори. И нормално е дека учебникот како извор, од време на време завзема повисока положба во модерното општество, и токму поради тоа, наставниците се пред голем предизвик заради големиот обем на извори и учебници.

И така, потребата за организација на воспитно-образовниот процес од ден на ден станува голем предизвик за секој од нас, заради динамичното движиње на научните истражувања во ова насока. А нормално е дека со старите учебници не може да се организира современ наставен процес, впрочем затоа во наставата имаме тенденции за организирање на наставата со современи учебници, кои се и одговор на големите потреби на модерното општество.

Токму затоа современиот учебник нуди преглед за интердисциплинарен пристап во наставата, а особено идеи за конкретизација на воспитните цели. Но не завршува само со ова, туку во современите учебници се оди на консолидација на старите и престарите теории и научни методи.

Со учебникот се актуализира потребата за систематско следење на постигањата на учениците, а наставниците можат да се поттикнат да направат избор на валидни методи за поддржување на успехот особено за посложените наставни содржини. Учебникот ѝм помага на наставниците да направат општ увид за конкретизацијата на целите и задачите на наставната програма. Наставниците имаат основа во учебникот да ги споредат обемот и длабочината на содржините со развојните можности и возраста на учениците.

Освен тоа, можат да утврдат за кои наставни содржини има потреба да им препорачат на учениците да користат други извори за учење или пак, сознаваат кои содржини се пренагласени и обратно, кои содржини не се доволно разработени. Ние мислиме дека преку модерните учебници, односно со нивното доставување во нашите образовни установи, треба да се има во предвид примарно, подготовката на учениците за едно време кое доаѓа после ова во кое се наоѓаме ние. Секој учител треба да ги подготвува учениците за едно време, кое всушност нема да биде време на учителот, туку на учениците.Дефинитивно ова се постигнува само преку модерни и современи учебници кои поседуват футуролошки карактер и смисол. Истражувањата во областа на педагошките, психолошките како и во областа на другите науки континуирано ја збогатуваат ризницата за модалитети на учењето, образованието и воспитанието со нови сознанија.[25]

Што се однесува до податоците што треба да стојат во учебникот, голем број научници имаат објаснето но и дискутирано за тоа, но ние ќе се задржиме на анализи на некои.



Ученикот, учителот и учебникот се од голема корист за планирањето на наставата. Учебникот треба да биде прегледен, јасен и интересен во целина, а основниот текст да биде клучен извор на знаењето и да ги поттикнува другите активности на учениците кои знаат да читаат за да не се забавува развојот на логичкото мислење. Понекогаш наставниците од учебникот преземаат корисни идеи како да планираат одделни етапи или чекори по наставната работа како на пример, за воведување на учениците во наставните теми и содржини.

Но, од учебникот наставниците имаат можности да ги согледаат и слабостите во разработката на содржините кога се користи индуктивниот или пак, дедуктивниот начин, бидејќи разработката на соддржините во наставата може да биде со примена на индуктивни и дедуктивни методи или пак со разновидни нивни

---

[25] Петровски, Б. (1994): *Структура на учебникот.* Скопје, Просветно дело. Стр:3.

комбинации.[26] Во современите учебници може да има примери за содржини и активности што се однесуват на македонското општество, за објективно и релевантно претставување на вредностите на македонскиот народ и на другите заедници, како може да се развива свест за разбирање и за спречување на секој вид дискриминација и нетрпеливост за поединци или општествени групи

Учебникот во современи услови, во услови на современо сфатена дидактика и педагогија ја задржува својата константна функција да има сериозно влијание врз карактерот на наставниот процес. Во одделни случаи да презентира најнапредни модели на воспитинот процес. [27]Учебникот е едно од изворите на знаења и се разликува од бројните извори на знаења , по тоа што е дидактички обликуван и овозможува на најекономичен начин ученикот да се воведе во светот на науката, техниката, уметноста, и другите придобивки на човечкото општество. Преку него се остваруват бројни воспитни и образовни задачи. Употребувајќи го за време на часот, наставата и вонаставните активности, учебникот му служи на ученикот како магистрална книга за учење, информирање и за споредување на бројни други задачи во наставата и вонnаставните активности.[28] Учебникот е поврзан со наставните планови и програми за секој наставен предмет.

Наставните програми ги определуваат содржините, редоследот на содржините, нивниот обем и длабочината кај секој наставен предмет, почитувајќи го предвидениот број на часови за да се реализира системското воспитание и образование.Со определувањето на наставните теми се определуват само одделни наставни подрачја што треба да се обработат во наставата, но не се определуват кои факти и генерализации треба да се обработат, како што е случај во т..н. наставен курикулум. Колку и да е грижливо избран материјалот во наставната програма, тој не го определува обемот на научната информација што треба да ја научи ученикот. Тој материјал може да биде определн единствено низ учебникот.

Наспроти мислењето дека учебникот е наменет само за ученикот, бидејќи тој е субјект кој треба да учи, учебникот е наменет и му служи и на наставникот-оној што ја изведува наставата.

Учебниците му користат на наставникот да ја постави целта и да покаже по кој пат таа треба да се постигне вложениот напор.[29] Влијанието на учебникот врз градењето на стилот на наставниот процес во современата настава, иако обемно намалена, добива во интензитет, во квалитет на влијанието врз сите фактори и врз сите форми на наставата. Во контекстот на другите извори на информаци

---

[26] Наставата е дидактичка активност, но и чинител на давање инструкции од наставникот кон учениците, наставникот е организатор но и развител на наставниот процес. Наставата го олеснува процесот на учење на секој човек без разлика на нација, раса или слично.

[27] Дамјановски, А. (1970),*Функцијата и физиономијата на учебникот во современата настава.* Београд Савремени учбеник. стр22

[28] Андонова, М. Т. (2006): *Функции на учебникот во планирањето на наставата: Образовни рефлексии,* Скопје. бр 3/4 стр. 17.

[29] Маказлиева, Е. (1995): *Прашањата, задачите, вежбите како дидактички компоненти во учебниците за одделенска настава;* Скопје, Просветно дело. стр: 23

учебникот завзема специфично место со својот дидактички концепт свесно комуницира со нив (телевизија, филм, печат ).

Учебникот според Ничковиќ, покрај другите функци што ги има во наставниот процес има и функција да го обликува наставниот процес зашто илузија е да се мисли дека учебникот е книга која е наменета само за ученикот. Истражувањата покажуваат дека тој бил, и секогаш ќе биде, значителен чинител во методското обликување на наставниот процес, а со тоа и помагач на наставата. [30]

Структурата на учебникот е составена од делови , елементи (текстови со кои се изнесуваат одделени информации, содржини, илустрации, прашања, задачи, воведни елементи и други) кои меѓусебно се поврзани во една целина така што елементите релативно се самостојни, поточно, нивната содржина е компонирана како во внатрешниот однос на одделните делови, така и во надворешниот однос, формата е под влијанието на општествената функција на целината, што ја сочинува учебникот, односно под влијанието на функцијата која треба да ја врши учебникот во реализација на наставните задачи во современи услови.[31]



Учебникот, учениците треба да го доживеат и содржински но и плански. Сопственото учење ќе му помогне на секој ученик без празлика кој да е наставник, од голема важност е потикот што ученикот го има за учебникот.

На ученикот му треба восхитување но и многу помош од секоја страна, вклучувајќи ги сите можни опции но и напори за понатамошните напори но и суштински напредувања на ученикот.

Горенаведените зборови се еднакви само со една клучна формула, а тоа е дека учениците трпат секакви промени, но поразот од непомош и несигурност никако да го замислуваат.

---

[30] Ничковиќ, Р. (1970): *Теоретски и методски аспект стварања, проценувања, проучавања учебника литературе:*, Београд, Савремени учбеник.стр:15.

[31] Петревски, Б. (1994): *Структура на учебникот.* Скопје, Просветно дел. стр: 24.

Затоа, на претпазлив начин треба да се имаат предвид разните можни потреби но и околина од каде доаѓа ученикот. На таков начин и применувањето на учебникот ќе биде многу лесно прифатено, ако знаеме како да соработуваме со учениците.

## 3.1 Учебникот во фронтална форма на наставна работа

Оваа форма е најстара што се изведува на класичен начин, и е далеку од модерното реализирање на наставните цели и задачи, односно наставникот е тој што постојано е активен, кој дава задачи од учебникот, бара знаења од него и сето ова му го прилагодува на ученикот како пасивен субјект во наставата. Примената на оваа форма покажуава дека наставникот е извор што ги пренесува знаењата во наставата на наставниот час, без да земе во предвид дали учениците разбрале од податоците што тој ги објаснил, а тоа во наредните денови и часови ќе ги принуди учениците да учат на механички начин.




Во фронталната настава, наставникот раководи со наставата и воспитниот процес. Тој мисли дека кај него, но и нему му е доделена главната улога за раководење на воспитно-образовниот процес.



А оваа примена на  учебникот во фронтална форма на наставна работа е позната како ***Екс***[32] ***Катедра.***[33] Учебникот во оваа форма на наставната работа секако дека е една од движечките компоненти на наставата. Тој е помошно средство во процесот на планирање и организација на наставата.

Често тој е патоказот според кој се реализираат дневните, месечните и годишните цели на наставниот предмет.  Се користи како визуелна поткрепа и дополнување при излагањата на наставникот. За разлика од оваа примена на

---

[32] Ндреца М. (2000): *Речник на туѓи зборови и поими.* Призрен , НГЛБ. стр:180.

[33] Екс Катедра значи кога учителот е седнат на своето столче и клупа, без конкретно аудио-визуелни инструменти за реализирање на наставниот процес. Тој на таа позиција само зборува, и ништо конкретно на илустративен или па на коорпоративен начин непренесува кај учениците

учебникот, нашиот став е дека учебникот треба да биде прегледен, јасен и интересен во целост, а ова може да се постигне само со тесна соработка меѓу наставникот и учениците.





Соочени со сложената улога на наставникот, во наставно-воспитниот процес како и со неопходната улога на другите средства на влијание во воспитно-образовниот процес се јавува потреба од постојано проучување на учебникот и создавање на теориски основи за составување на современ учебник кој според својата содржина, структура и физиономија ќе ги следи современите текови на наставно-воспитниот процес, и не само тоа туку и ќе претставува основа за развој и унапредување на наставните текови.

Во врска со тоа, педагошката теорија треба да разгледува низа проблеми во склопот на теоријата на учебникот.[34]

Учебникот е наставен текст напишан со илустриран или печатен формат, изработен од хартија или пергамент, или други разни материјали. Книга произведена во електронска форма е позната како електронска книга. Книгите или пак учебниците се разликуваат од списанијата и од весниците што се периодични и циклични.

Учебниците се употребуваат на што подолг начин на изразување на знаењата. Нашите погорни ставови во врска со учебникот се црвсти но и утврдени со основно базирани аргументи. Но ние се сложуваме и за новите промени каде што големо влијание има и електронската форма, во споредба со печатената форма.Ние мислиме дека не треба толку да и се дава приоритет на формата или пак на електронската форма,оти таа е многу апстрактна,но и ќе ги направи нашите ученици мрзеливи.Но,токму поради ова им препорачуваме на новите учители да

[34] Лее, Г., Отер, И. (1955): *Тексш машериал ин модерн едуцашион*, Илиноис, Университи оф Илионис Пресс, Урбана.

консултираат повеќе учебници за да учениците не станат мрзеливи,но и некорисни за наставниот процес.

 

И во фотографиите се гледа дека учениците се активни повеќе кога се заедно и ги интерпретираат податоците заеднички но истотака без помошта на наставмикот не е можно.

## 3.2 Учебникот во индивидуална форма на наставната работа

Индивидуалната форма на наставната работа своите корени ги има уште во прагматистичката педагогија на Џон Дјуи. Оваа форма се сретнува и во педагошкиот систем на Марија Монтесори но и кај Памела Каглин. Оваа форма на наставата е поеднаква со наставникот на една страна, и ученикот на друга страна. А каде стои учебникот во овој вид настава? Може многу едноставно да се каже дека стои помеѓу двајцата субјективни фактори на наставата (Ученикот и Учителот).



[35]

Во овој вид на наставата, имаме тесно поврзани релации помеѓу наставникот и ученикот на индивидуална наставна соработка. Целта на оваа примена е дека треба да ги учиме учениците, а не предметите. Со ова се подразбира дека секој учебник треба да биде во функција на зближување знаења и навики кај ученикот на посебно ниво. Пример за примена на оваа настава е кога ученикот по предметот музика се учи на свирење на некаков музички инструмент. Друго е во математика, плус, минус и тн. Работата на оваа форма се огледа во тоа што најнапред им се дава да работат учениците, а потоа со помош на наставникот, кој се јавува во улога на насочувач.

Учениците работат самостојно. По завршената работа, наставникот прегледува и оценува, и доколку е потребно посочува поопширна литература, обработува одделни прашања и ги истакнува најнеопходните информации.

Структурата во примената на индивидуалната форма на наставна работа е идентична со групната форма.[36] Имено, постои *воведен дел* на часот, во кој во писмена форма учениците добиваат одредена задача што треба да ја решаваат; *главен дел* на часот, во кој учениците самостојно ги решаваат поставените задачи и

[35] Индивидуалната форма е таков вид на наставата, што ученикот сам стекнува знаења и тие тие ги применува на секојдневието. Индивидуалната форма се разликува од сите форми, затоа што освен ученикот и учебникот нема други актери.

[36] Групенарбајт, Групе лаворо, Груптравај, сите на неколку јазики имаат голема улога за постигнување големи но и успешни резултати, овие резултати се достигнуваат со тимска и групска работа но и со колаборација и кооперација.

*завршен дел* на часот каде преку завршна пленарна дискусија учениците ги соопштуваат резултатите од своите истражувања и проучувања.[37]

Учебникот тука игра круцијална улога во процесот на самоедукацијата. Ученикот работи директно со учебникот и други дидактички материјали, самостојно чита, размислува, поврзува и одговара на дадените барања.[38]

Ученикот си има свој карактер, и на нему му треба многу стимулации за да тој да може без никаков проблем да си манипулира со книгата или пак учебникот. Учебникот е многу важен за сите фази на формирање на егото на ученикот. Учебникот е важен и во индивидуалната метода, кога ученикот учи сам, кога умее да се сноаѓа полесно со мошне големите кризи но и предизвици.

[37] На релацијата наставна програма - учебник многу често се актуелизира прашањето за оптовареноста на учениците со наставни задачи..

[38] Една од функциите на учебникот е поврзана со наставните планови и програм за секој наставен предмет.

## 3.3 Учебникот во групна форма на наставната работа

*Додека* фронталната форма на наставата доминираше во старата школа, со појавата на групната форма во почетокот на XX век минува потребата од примена на групната формата на наставата.





***Според*** социолошката основа на оваа форма, се поаѓа од тоа што ученикот секогаш сака да биде во дружење, во група, при што се развива и воспитува. Психолошките основи се фактор за реализацијата на наставата, затоа што се земаат во предвид психичките процеси кај учениците. А работата е двигател на интересите на учениците за мисловна активизација.

***Организацијата*** на наставниот час се состои во тоа што на почетокот на часот се дискутира за начинот на решавање на задачата. Потоа наставникот ги дели децата во групи. Овде се јавува интрагрупна соработка, а ова подразбира дека учениците поделени во групи, соработуваат за решавање на некој проблем меѓу својата група. На учениците, кога веќе тие се поделени во групи им се дава одредена задача за тие да ја решаваат, тие тоа го прават, притоа користејќи го учебникот како примарен извор за информации, дискутират окулу проблемот, носат констатаци, даваат свои мислења, и се доаѓа до посакуваната интеракција во наставата.

Групната работа и користењето на учебникот во неа, е многу привлечна. Условно кажано тука имаме соработка, се јавува помош, доколку, наставникот е само инструктор, кој раководи и посматра, проблемите кои евентуално се јавуват при решавањето на некои проблеми, конкретно се јавува активна-интерактивна настава, која носи поголеми придобивки, гледано од аспект на успехот на наставата.

Во главниот дел веќе групите работат, а во завршниот дел се презентира, (секоја група), се врши резиме и систематизирање на наученото од сите групи. Наставниот процес со интенција како групна настава е постигнување на заеднички образовни цели.Под овие рамки учениците бараат соработка во разни ситуации, и

врз основа на ова тие бараат резултати и за себе но и за членовите на групата[39] Групната форма има резултати и за едните но и за другите членови на групата, така што сите во групата учат заедно, може и самостојно но и меѓусебно[40].

Според Воолфолк[41], имаме и кооперативна но и групна работа. Според него, кооперативното работење е такво што сите ученици треба да вложат напори за да постигнат добри и успешни резултати. Но, групното работење се разликува според него, затоа што таму има и успех но и неуспех.

Учебникот и тука може да е средство за информации и собирање на податоци при работата во група. Но и извор со кој ќе се објаснат дилемите при толкувањето и средувањето на податоците за излагањето.

Проблемот поставен во почетокот на објаснувањето на групната настава беше дека ученикот во текот на оваа примена на наставата треба да создаде активен однос спрема наставната работа, а тоа повлекува цела низа позитивни последици: засилено внимание, зголемен интерес, подобра работна дисциплина, подлабоко разбирање на содржините што се предмет на изучувањето, нивно полесно запомнување и слично. Пред да се изнесе овој наставен метод, се формулираат основните поими, принципите или законитости што ќе бидат обработени во него.

Тие најчесто можат да бидат формулирани како задачи што ќе требат да се реализираат во текот на изучувањето на темата, како на пример во оваа тема ќе се запознаеме со сетилото за вид, со неговите главни елементи, со функцијата на овој орган и слично.

Овој пример ќе може да се поврзува само со фронталниот начин на изразување.А каде би бил сега групниот наставен процес во оваа тема? Нормално, дека одговорот гласи каде може да се постапува со групна настава - само кон тие теми што може на најслободен начин да разговарат и дискутираат.

---

[39] Јохнсон, Д., Јохнсон, Р. (1999): *Learning together and alone: cooperative, competitive, and individualistic learning*. Boston.

[40] Учебникот содржи упатства за начинот на извршувањето на домашните задачи што треба ученикот да ги изршИ преку самостојна работа.

[41] Woolfolk, A. (2001): *Educational psychology*. Boston

## 3.4 Учебникот во активна настава

Активна настава и интерактивно учење претставува комплексна дидактичко методичка и психолошка категорија чии аспекти се манифестират во одредени правци на т.н Нова Школа. Отсуството на поголема конзистентност во дефинирањето на суштината на овој поим доведе до негово неадекватно толкување но и до недоволна заснованост во наставната практика.





Активната настава заговара интензивна соработка меѓу наставниците кои се јавуват во улога на членови на тим кој планира, програмира, реализира и вреднува. И во горните слики, наводно се наведува еден вид активна настава, каде што децата не се принудени ни да слушаат ни да прашуваат, туку тие се снаоѓаат во својата активност. Активниот начин на децата на горните слики со активноста ја потенцира самостојната работа на ученикот. Наставникот пак може да го користи како извор на идеи за организацијата на часот и помошно средство во објаснување, насочување и продлабочување на учениковата работа.[42]

---

[42]Се има речено дека сликите се позначајни од секакви видови нешта, тие говараат околу 1000 зборови.

## 4. Видови на учебници

***Колку и да читате без да мислите, толку ќе се убедувате дека знаете многу, а кога ќе мислите за тоа што сте го читале тогаш ќе видете дека не знаете ништо!.. Волтер***

***Гледано*** од многу димензии, учебниците се класифицираат на разни видови и врз основа на ова се влијателни фактори но и решителни индикатори за класификација. Гледано од еволутивен аспект но и од научен аспект, учебникот бил и ќе биде главна компонента во Училиштето.[43]Ова го насочуваат две позиции на учебникот во училиштето: учебникот како извор на култура за сите генерации, и учебникот како алат за ученикот во училиште.[44] Што значи дека учебникот е основно помагало на ученикот за остварување на воспитно образовниот процес.

Според нас, класификациите се од важен аспект оти со нив се запознава тежината на учебникот. Ние мислиме дека за да се дојде до една калкулација за да кажеме кој учебник е подобар и подготвен, но и дактички потцртан треба да се земат во обзир одредени фактори,за кои што може слободно да се каже дека се и клучни, како на пример: повеќето објаснувања, употребените илустрации, прецизните информации, добро обработените текстови но и појаснувања, изразените задачи, но и повеќето вежби диктираат успех во наставата. Со развојот и појавата на научно- технолошката револуција се промени и улогата на наставата, оттаму и на учебникот кој се применува во наставата,а со цел да се создаде личност која ќе мисли, пронаоѓа, открива, истражува.[45]

Според В. Полјак[46] постојат следни видови учебници :

а) Степенот на интеграција, односно диференцијација на учебникот според кој се разликуваат: целокупен(кој може да биде интегрален и синтетичен) и разгранет учебник (кој може да биде предметен, тематски и структурален)

б) Критериумот за концепција на долги, односно кратки чекори, според овој критериум се разликуваат: класичен, полупрограмиран и програмиран учебник.

ц) Критериумот на квалитетот на учебникот, а тие се: традиционалниот и современиот учебник.

д) Критериумот на степенот на школување: учебници за основно, средно, више и високо образование.

---

[43] Зајази, Т. (2003): *Методологија на наставата и на учењето.* Тетово, Арбериа Дизајн. Стр: 714.
[44] Зајази, Т. (2003): *Методологија на наставата и на учењето.* Тетово, Арбериа Дизајн. Стр: 717.
[45] Маказлиева, Е. (1995): *Прашањата, Задачите и Вежбите како Дидактички Компоненти во учебниците за одделенска настава.* Скопје, Просветно Дело. стр: 23.
[46] Поаљк, В. (1988): *Дидактика.* Загреб, Школска Књига. стр: 29.

е) Критериумот на изворите: пример, мултимедиски учебници, кои се со повеќе извори, но и исто така и учебници за деца со пречки на развој.[47]

Горенаведените видови, ги имаме објаснувано до некаде и подолу, но мислиме дека треба да спомнеме и други автори што разликувале други видови. Во овој смисол според Тахир Зајази, од начинот на ***интегрирање во наставата***, разликуваме две видови учебници: ***Учебници*** што се систематизирани на една дисциплина во училиште, и ***учебници*** што се наменети само за консултирање и што се дополнително за на училница.

Учебникот се разликува од другите извори на знаења, тој не е периодичен како списанијата или пак слично, туку е долгорочен, нормално дека дидактичките феномени не се статични и во тој смисол и учебникот еволуира и претрпува измени.

Првите учебници ја презантираат содржината што е тесно врзана со организацијата на наставните часови но и реализација на тие часови.Тие се викаат исто така и како програмирани или пак секојдневни учебници.[48] Оваа категорија класификација е од важна улога според еден француски научник,[49] но само ако се земат како критериуми овие:

- вредноста на информацијата (Количината, видот и научната вредност).
- Адаптација на информацијата со околината но и со училишната ситуација.
- Информацијата во учебникот треба да биде читлив, јасен, конзистентен и.т.н
- Педагошката кохеренција - под ова се разбира дека лекциите треба секогаш да бидат организирани, структурирани, да имаат добри информации, но и од современата актуелност.

Од ова логика, информациите во учебниците треба да бидат што појасни, актуелни, но тоа треба да биде истотака зависно од возраста на учениците.

Кога сме кај возраста како елемент на одредување на учебничките содржини, се земаат во предвид и способностите, но и сознанијата што влијаат директно од надвор или од семејниот круг.

Но се знае дека има и деца се посебен развој или ретардиран развој, за овие деца има посевни текстови па и посебни содржини.[50]

---

[47]Маказлиева, Е. (1995): *Прашањата, Задачите и Вежбите како Дидактички Компоненти во учебниците за одделенска настава.* Скопје, Просветно Дело. стр: 24.

[48] Зајази, Т. (2003): *Методологија на наставата и на учењето.* Тетово, Арбериа Дизајн. Стр: 717.

[49] Richaudeau, Ф. (2004): *Methode de lecture rapide.* Retz.

[50] Ниеимаме такво мислење, не значи дека овој став е непроменлив, туку е ставен како дискурс на дискусии. А токму за ова некаде е имплементирана овој вид настава, а некаде се уште не е почнато.

Училишните учебници според еден критериум базиран на содржина, а кому таа содржина му се упатува, врз основа на ова тие се делат на неколку групи[51]:

1. Првата линеара ја објаснува дилемата кому му се дестинират учебниците: на ученикот или на наставникот. Кога ќе ги преминеме овие дилеми ги пообјаснуваме околностите врз кои влијаат многу процеси што се случуваат во просториите на училиштето. Како на пример, кај современите држави што имат просветна традиција, учебникот му се дестинира на ученикот, со услов наставниците да имаат претстава за понатамошно организирање и раководење со наставните содржини. Еден учебник подготвен само за учениците води до стекнување на знаења, чии знаења ќе му служат доживотно. Во вакви услови, ученикот станува аутодидактен, поради тоа што тој станува независен при стекнување на знаења од учебникот.

2. Втората линеара се заоснова врз методолошката подготовка на учебникот. Од ова група, неколку учебници се во помош на учителите поради тоа што: ја детерминираат неделната работа, така да учителот е принуден да се движи во наставниот процес според целите што се предвидени во наставниот план, а овие се нарекуваат програмирани учебници. А во другата страна на истата линеара спротивно се текстовите кои се креираат со една посебна методологија, која е пофлексибилна така што на наставникот му дава повеќе простор за маневрирање, за да тој на индивидуален начин си ги одредува наставните целини.[52]

3. Трета линеара е таква поделба, во која учебникот се ноаѓа во две групи: првата група се насочува кон ученикот и учителот, и тоа е од затворен карактер. Пример, на часот по биологија наставникот може да се изрази и да објаснува само со учебникот по Биологија[53] меѓутоа на ученикот кога ќе му дојде при рака некое издание надвор од часот, тој на самостоен начин ќе има пристап кон тие содржини.[54] А другата група е кога учебникот ќе му служи на ученикот надвор од училишната средина, за да тој да ги развива неговите способности, навики и знаења во една поширока средина, каде што не е присутен наставникот. А овој вид учебник слободно може да се нарече отворен учебник со отворен карактер каде што не делува наставникот.

Во глобалните правци на дидактички план, авторите укажуваат дека учебникот може да биде носечки извор но и еден од елементите[55] за кои учениците

---

[51] Richaudeau, Ф. (2004): *Methode de lecture rapide.* Retz.

[52] Германскиот дидактичар Б. Милер има потенцирано дека помеѓу учениците но и наставникот треба да има успешна комуникација но и релевантно разбирање во врска со темите на учебникот.

[53] А ова е од затворен карактер оти само учебникот како главна алатка или пак средство се консултира.

[54] Но тука имаме друг вид, а тоа е од отворен карактер, затоа што ученикот може да си има пристап до изданија што не се дел од наставен процес а се дел на позрелување на ученикот во понатамошни ситуации и потреби.

[55] Адамческа, С. (2010), *Концепција за израотка на уебник.* Скопје, Биро за развој на Образование.стр:8.

можат да стекнуваат знаења од разни теми, а и се сметаат за неопходни компоненти на учење но и раководење со наставно-образовниот процес.

Содржините се тие што имаат главна улога за разновидни учебници, и врз основа на ова задачите и другите наметнувани прилози се тие што побудуваат интерес и волја кај ученикот за поврзување и организирање на сознанието и ставовите во единствен систем, како на пример за самостојно учење, одговорност кон училиштето, семејството, врсниците, самокритичноста и други.

Од повеќето видови учебници што се применуваат во наставата, повеќето автори ги наведуваат [56] :

- Учебникот
- Работна тетратка,
- практикум,
- вежби,
- како и методски прирачник на наставникот[57],
- како и средства на современата образовна технологија (касети, дискети, монографии, речници и слично)[58].

Но за да има добри и квалитативни учебници треба са се имаат во предвид секакви околности што се клучни за понатамошни процедури за изработување, но и за издавање на учебници.

А токму за ова ние ќе се држиме на кратка елаборација на изданието на Бирото за развој на Образованието "*Концепција за изработка на учебник - Методологија за вреднување на учебник.* Ова не значи дека ние се сложуваме со ставовите на сите експерти кои дебатирале на оваа област, меѓутоа до некаде имаме заеднички ставови. А овие ставови можат да бидат неточни или пак фалични, но впрочем нашите цели се да изјасниме или пак да објасниме некои современи наставни проблеми.

Во ова издание се презентирани основните критериуми за изготвување на учебник[59]:

[56] Зулфиу, Н. (1997): *Дидактика.* Приштина, Рилиндја. стр: 152.
[57] Ибидем.
[58] Ибидем.
[59] Ибидем.

- Усогласеност на содржината на учебникот со наставната програма

- Придржување до современите достигања од определената научна област и употреба на стручна терминологија

- Елементи на визуелни прилози и графичко-илустративни компонемнти кои учебникот треба да ги содржи како елемент на методско-дидактичката апаратура на учебникот.

- Усогласеност на учебникот со возраста на учениците.

- Нагласена воспитна функција, позитивен однос кон науката/знаењњто, развивање на граѓанскиот и националниот идентитет, мултикултурноста и родовата еднаквост.

Покрај општите критериуми за изработка на учебникот во ракописот се презентирани и специфичните критериуми кои се однесуваат на различните наставни предмети кои припаѓаат на различните програмски подрачја во основното и во средното задолжително образование. Според репрезентативноста на учебникот, тој може да биде:

1. Училишен - со ова се подразбираат тие учебници што се дестинирани само за посебни предмети.

2. Одделенски - кој е со целосен карактер но и особински определен.[60]

Друга поделба е според структурата, содржинскиот и квалитативниот карактер.[61] Според содржинскиот карактер учебникот може да биде:

- Тематска книга- под тоа се подразбира книга со разни содржини и разни теми, врз која учениците стекнуваат знаења и умеења од општи извори.

- Книга од едно програмско подрачје- учебник кој содржи целини од една насока или пак одредена област.

- Книга -дневник која содржи информации од дневен наставен план.

Според структурата се разликува:

- Општ

- Полупрограмиран

- Програмиран учебник[62]

[60] Зајази, Т. (2003): *Методологија на наставата и на учењето.* Тетово, Арбериа Дизајн. Стр: 719.
[61] Мурати, Џ. (2002): *Дидактика- наставна Методологија.* Тетово, Чабеј.стр: 263-264.

Според квалитетот на учебникот, тие се делаат на: Традиционален[63] учебник- е таков учебник што подразбира"складиште" на информации. Во традиционалната форма на образованието, учебникот претставува тврдо поврзана книга кон која ученикот мора да се придружува од почетокот на книгата па се до крајот без никаков прекин.

Најважна функција на традиционалниот учебник била реализацијата на вежбањето и повторувањето што зависи какви задачи ќе применува наставникот. Според Вученов "*традиционалниот учебник служел како инструмент за утврдените знаења, како лесно употреблив што претставувал еден вид екстерна меморија*[64].

Современ учебник е оној учебник кој има поголема важност во врска со развојот на учениците.Овој учебник е претставен на тој начин што е модерно дизајниран, ги конкретизира содржините во него, преку скици, фотографии, фигури, шеми, флаери, мостри и.т.н. Освен со современиот учебник се реализираат со поголем успех и наставните содржини и целта на наставните часови во воспитно-образовниот процес .

Современиот учебник има такви задачи кои ја менуваат улогата на наставникот, и ѝ даваат предност на креативноста и самостојната работа на ученикот преку таканаречената интерактивна - активна настава која се реализира во групна форма.

Тука можат да се вклучат повеќе изворните учебници, уште наречени мултимедиски учебници, кои во својот состав содржат повеќе извори на знаења и функционално се интегрират со останатите медии. Тука на пишаниот збор се додаваат: аудио запис, видео запис и други манипулативни материјали и други извори што го прават мултимедискиот наставен пакет. Освен тоа постојат и учебници наменети за деца и учебници со пречки во развојот, односно: учебници за ученици со посебни потреби со оштетен слух или пак вид(азбука со броеви).

Постојат учебници наменети за деца на наши работници на привремена работа во странство, кои освен општите услови при обликувањето, мора да исполнат и посебни услови[65]. Така може слободно да се каже дека учебниците имаат

---

[62] Структуралниот критериум е еден од најважниот дел видови на учебници, токму за тоа стои разликата од другите врсти учебници затоа што тука тесно се поврзани програмските цели на наставата но и на националните цели за едуцирање на генерациите.

[63] Вученов, Н. (1970): *Место и функције уџбеника у процесу школске наставе и учења*, , Београд, Завод за издавање Уџбеника. стр: 43.

[64] Вученов, Н. (1970): *Место и функције уџбеника у процесу школске наставе и учења*, , Београд, Завод за издавање Уџбеника. стр: 43.

[65] Тука посебните услови се: Усогласеност на содржината на учебникот со настават програма, потоа придружување кон современите достигања на определената научна област, методологијата на изучување на предметот и употреба на стручна терминологија, а истотака усогласеност на учебникот со возраста на учениците, учебникот има воспитна функција, го поттикнува позитивниот однос кон науката, знаењата, развивањето на националниот и граѓанскиот идентитет, мултикултурноста и родовата еднаквост. (Биро за развој на Образование, Декември 2010)

главна улога во скоро секоја компонента на дидактичко-методичкиот наставен процес.

Сведоци сме дека, последните години се случуваат некои нешта со учебниците, а тоа е дека тие се многу отстранети од употреба.

Ние како учители треба да превземеме на што побрз начин контрола врз овој феномен. Историскиот дел на учебникот не треба да се гони со вакви мисли но и предрасуди за да тој да биде дел од минатото.

Врз основа на ова, учебникот е, но и ќе стане дел од животот на човечкото битие секогаш. Но, развитокот е толку голем, што понекогаш слободно може да се каже дека учебниците се незаменливи во секакви времиња и периоди.

Тие не зависат од нас, тие се дел од нас, и без нив нема смисла педагошката настава но и самиот образовен процес.

## 5. Значење на учебникот

Од посебно значење е тоа што со учебникот се актуелизира потребата од следење и вреднување на постигањата на учениците и тоа за две значајни димензии. Прво, наставниците имаат на располагање прашања, задачи и други инструменти во учебникот за да го следат нивото на постигнати знаења и развојот на способностите на учениците. Тие најчесто се наоѓаат после наставните содржини или по завршувањето на една тематска целина. Во современите учебници всушност, има примери на планирани прашања и задачи на две или повеќе нивоа на сложеност.

Емпириските податоци од следењето на постигањата на учениците, со помош на учебникот, наставниците и учениците редовно ги користат во својот план за работа. Со тоа наставниците се поттикнуваат да направат избор на валидни методи за наставата, се подобруваат постигањата на учениците во одделни посложени или карактеристични наставни единици во наставните теми и слични на тоа.

Другата димензија се однесува на користење примери на задачи, вежби и други средства за објективно оценување на новото, на знаењето и способностите на учениците за наставниот предмет. Во таа смисла наставниците од учебникот сознаваат повеќе елементи за обработка на посложените содржини, како се структуират активностите за да им се овозможи на учениците да напредуваат побрзо или да им помогнат на оние ученици кои имаат одрени тешкотии во учењето и наставата.

Учебникот дава целосен преглед за интердисциплинарниот пристап во наставата. Од учебникот се сознаваат и забележуваат битните елементи за корелацијата меѓу наставните предмети од сродните подрачја.

Се формира целосен увид за новите знаења, кои содржини недостасуваат во учебникот, кои содржини се иновирани и заменети со нови. Учебникот има функција да согледа какви промени се најавуваат во наставата и во учењето. Наставниците во учебникот можат да најдат добри идеи, како да ги конкретизираат воспитните цели. Ги запознаваат младите со човековите права, на целта на демократијата, моралните вредности, чувањето на природата и околината.

Учебникот има повеќе дидактички функции: информативна, трансформативна, функција на систематизација, функција на утврдување и самопроверка, интегрирачка, координирачка и развојно-воспитна ф-ја[66].

Информативната подразбира дека учебникот е еден од основните извори на информации, во кој се изложени знаењата од соодветниот наставен предмет. Содржините

---

[66] Маказлиева, Е. (1995): *Прашањата, задачите и вежбите како дидактички компоненти во учебниците за одделенска настава.* Скопје, Просветно Дело. стр: 31-32.

во учебникот вклучуваат морални и естетски вредности, кои треба да бидат формирани во процесот на наставата.

Во последно време учебниците се издаваат и на електронски начин.Со тоа се овозможува и поголем пристап, и се реализира поефективна настава. Овие учебници се врвно унапредени, достапни се преку on-line страни, оваа метода е малку скапа, така да нашите институции не се подготвени на ваков начин да ги снабдуват учениците.[67]

Учебничката функција е поврзана со преработката и преуредувањата на научно-теоретските, уметничките, техничко-технолошките и др. сознанија. Со тоа се постигнува прилагодување на возраста на ученикот, поврзување на материјалот со практиката, активирање на учениците, со проблемски изложувања, емоционално и мотивационо учество.

Во секој учебник за одделни предмети и одделенија, постапно и доследно треба да се изложат информациите од соодветниот наставен предмет. Со тоа се остварува функцијата на систематизација во учебникот.

Функцијата на утврдување, самопроверка и самообразование, произлегува од основната намена на учебникот - учењето, повторувањето, формирањето на умеења за самостојно учење и примена на наученото.

Ние мислиме дека учебникот не смее да биде единствен извор на информации, но мора да ги интегрира знаењата и умеењата кои ученикот ги усвојува. Учебникот е јадро околу кое се групираат сите останати наставни средства, тоа е неговата координирачка и скоро најглавна функција.

Развојно-воспитна функција ја гледаме во воспитниот ефект на учебникот, како компонента која ги развива и воспитува естетските претстави, како и продуктивното, логичко и творечко мислење.[68]

---

[67] А ние и погоре имаме кажано дека и книгата или пак и учебникот се уште нема рамка на проширување но истотака не може да се каже дека е на мирување. Овие сериозни промени мора но и се неопходни на нашата Држава, затоа што ден по ден се применуваат што полесни начини на пристап кон информациите и другите извори на знаења.

[68] Кога се работи за учениците, ние мораме на претпазливен начин да се сноаѓаме во секакви наставни ситуации, но и чекор по чекор да објаснуваме за секаков вид на барања или пак прашања, за да кај нив има храброст и самоубедување дека ти можат сами да направат нешто кога треба . А тие таа храброст ќе ја применат во текот на целиот живот во секаква насока. Врз основа на ова слободно може да се каже дека учениците се многу сензибилни кон сите околности, но и тогаш кога ние не им одговориме на добар па или на прав начин, тие се чувствуваат лошо но и отфрлени.

# 6. Вредноста на учебникот

Вреднувањето на учебникот треба да се изврши врз на основа на критериумите што теба да ги содржи секој учебник. Согласно Законот за учебници за основно и за средно образование[69] вреднувањето го вршат рецензентски комисии врз основа на своите стручни компетенции, како и врз основа на индикаторите произлезени од општите критериуми за изработка на учебник.

Исто така рецентзентските комисии врз основа на стручното мислење на секој одделен член , даваат сумарна оценка за секој предложен ракопис за учебник и предлагаат ракопис што ќе биде прифатен за учебник.[70]

Учебникот им помага на наставниците да направат општ увид за конкретизација на целите и задачите на наставната програма. Според изворите и методите кои им стојат на располагање и начинот на кој се разработени наставните содржини и активности во учебникот, наставниците можат да оценат дали е направен валиден и економичен избор на содржините во однос на предвидениот фонд на часови за наставниот предмет и напорите што треба да ги вложат учениците во учењето.[71] Наставниците во учебникот наоѓаат примери за поставување прашања и задачи, сугестии и идеи за избор на наставни средства и за други извори кои можат да се користат во наставата и учењето.[72]

Наставниците со учебниците имат преглед на стратегиите кои можат да ги користат за дидактичката разработка на содржините на наставата.[73]Со користење на ова сознание наставниците можат да планираат за кои наставни единици да го користат учебникот и за кои наставни содржини да планираат информативен, дополнителен материјал или пак да осмислуваат проблемска разработка. Наставниците наоѓат примери како се користат истражувачки постапки и методи во наставата за самостојно откривање на знаењето.

Со еден збор, тие дознаваат како се пробива сознајниот пат за откривање на знаењето со скратен пресек на истражувачките постапки што се користат во содветната наставна тема или наставна единица. Градивото во него е логично систематизирана т.е. распоредена врз основа на причински последична поврзаност. Дидактички е обликуван врз основа на психичките особености на возраста. Добриот учебник мора да поседува сознајно-воспитна, дидактичко-методска, естетска и хигиенско-здравствена вредност.

---

[69] Закон за образование на Република Македонија донесен од Парламентот на РМ во 1996, изменет во 2002, па дополнет на 2010. Се чекаат измени на законот на РМ да се случуваат и во текот на 2011.

[70] Бирото за Развој на Образованието подготви Прашалник за вреднување на учебниците развиен во пет одделни делови. За секој дел имаше бодови што ги вреднуваа книгите но и учебнците.

[7171] Учењето е најбитната дидактичка особина што може ученикот преку наставникот но и преку учебникот да си го развие дијапазонот на знаењата. Знаењата се проширувват само со ангажирање и со други активности тесно поврзани со триаголникот, наставник- ученик - училиште

[72] Андрилович, В. , Чудина, М. (1985): *Психологија учења и наставе*, Загреб, Школска Книга. стр: 40.

[73] Тоа може да им помогне да го потполнат планирањето за наставата, во рамките на наставните теми и наставните единици, со кое се опфаќаат: основите поими законитости, теори, нивната разработка.

***Сознајно-воспитна вредност*** има оној учебник во кој се систематично изложени научните вистини, тоа подразбира обликување на материјалот во тематски целини, кои логично се надополнуваат. Тие се поврзани и познавањето на првата тема е неопходна за усвојување на понатамошното градиво.

***Секоја*** лекција посебно мора да е исто така логично изложена.[74] Ваквата структура[75] на учебникот допринесува за формирање на научен поглед на светот кај ученикот.[76]

***Дидактичко-методска вредност*** ги уважува сознанијата на психологијата, дидактиката и методиката. Тоа подразбира земање во предвид на сознајните можности на ученикот, за да може тој да ги сфати. По длабочина и обем материјалот треба да е соодветен на возраста. Треба да се истакнати најзначајните информации, непознатите зборови да се појаснат, шематски и илустративно да се поткрепат за да се полесни за разбирање.

***Естетска вредност*** има учебник кој изобилува со соодветни илустрации-цртежи, слики, шеми за текстуалните содржини. Естетската страна ја подразбира и техничката коректност на текстот, распоредeноста на насловите и поднасловите, квалитетот на хартија, дизајнот на корицата и обемот на материјалот опфатен со учебникот.

***Хигиенско-здравствена вредност*** подразбира заштита на учениковото здравје при користење на книгата, посебно видот. Фонтот треба да е читлив и јасен и на раздалеченост од 20 см. Проредот исто така треба да е соодветен, но и да постои јасна дистинкција во самите тематски содржини, посебните целини, битни термини, додатни занимливости, дидактичка апаратура.[77]

Учебникот треба да биде подготвен со елементи кои се од формален аспект, но и од естетичен аспект.[78]Мошне битно е учениците да научат правилно да ги користат учебниците. Учебникот претставува главно дидактичко помагало, со кое што учениците секогаш се врзани за учебникот од кој тие учат.

Со помош на учебникот, учениците учат како да учат, како да го разликуваат битното од споредното и да го поврзуваат новото со претходно ученото, зашто тие мислат

---

[74] Пешиќ, J. (1985): *Нови приступ структури уџбеника: Теоријски принципи и конструкцијска решења*, Београд, Завод за уџбенике и наставна средства. стр: 85.

[75] Структурата на учебникот игра важна улога за секаков вид на активноста на наставниот процес.

[76] Ученикот работи постепено и така стекнува знаења што ќе му требат за целиот живот,

[77] Сите членки на Европската Унија го имаат имплеменирано Законот дека секое дете има право на учење без никакво спречување или пак нешто слично, што би довело до забрана на учењето на децата.

[78] Учебникот треба да биде усогласен со неколку правила како што се: соодветни букви, добри нијанси на боите.Сите овие но и други елементи, треба да се земат во предвид, да не се оштетува сетилото за вид, конкретно очите на учениците.

дека само од учебник се учи, во спротивно ако немаат учебник не може да замислат да учат и не им е интересно да одат на училиште.

За да биде еден учебник од наставна категорија треба да се усогласуваат сите содржини паралелно со наставната програма. Учебникот треба да ги содржи сите теми предвидени со наставната програма.Се подразбира дека има и општи цели но и конкретни цели што треба да ги содржи учебникот.

Учебникот е многу вреден затоа што содржи стручна терминологија од дадената област или пак подрачје, исто така тој има и јасна и разбирлива структура што учениците лесно ќе си можат да си го употребуваат. Содржините но и задачите за учениците кога се во вид на илустрации или пак поими, овозможува развивање на содржините но и полесно разбирање, и примена на знаењето, анализа, синтеза, па и вреднување на степенот на знаењата. Значи учебникот ги следи методите, активностите и дидактичките насоки за реализација на наставно-образовниот процес.

А некој си вели дека на учебникот му треба мошне многу промена, а ова се постигнува со многу труд во наставата.Дека учебникот трпи промени, тоа се знае, ама и ние како просветители треба да се промениме со текот на времето.

Времето си го познава својот стремеж во секоја смисла, така и учебникот е многу важен за целите наставни процеси но и напредувања. Тој има голема улога во секаков вид на настава.

## 7. Примена на учебникот во наставата и наставните методи

Примена на учебникот како дидактичко-наставно средство во образовниот процес и систем која служи за учениците и наставниците и во себе има разни компоненти, дидактички, научни, вредни, комуникациски, методлошки но и технички. Текстот во наставата е еден посебен дидактички инструмент што се разликува од другите компоненти. Мислиме дека има разлика од учебникот што ние го употребуваме во наставата од тие што се само корисни но и помошни во наставниот процес. Пример, во предметот Математика, главен учебник е Математика, а тука како помошен и корисен учебник може да биде работна тетратка (каде учениците вежбаат разни вежби).

Во педагошкиот лексикон (1996, стр:522) "***учебникот*** се смета како основна и задолжителна книга, работена според важечкиот наставен план и програма и дидактичко-методолошки и ликовно-графички преработена за самостојно учење.

Од првите почетни настојувања и општествените согледувања па се до денес воспитниот-образовен процес применувал методи со цел на ефикасноста на учењето. Тоа значи дека наставните методи како едукативен комуникациски регулатор на образовната работа низ својот историски развој постојано се усовршувале. Зборот *метод* потекнува од грчкиот збор *методос* што значи постапка, пат на истражување или начин на изнесување. Методот е насочен кон една определена цел. Иако изворното значење е такво, денеска под метод се подразбира постапката или пак постапките што ќе се земаат во обзир за постигнување на една цел.

Како и кај другите науки, така и кај воспитниот-образовен процес методите имаат една важна улога на применување на наставата. Како методот ќе се примени во активности на наставниот процес или пак во учебникот зависи од структурата на содржината и предметот.

Наставните методи на поучување што ги користи наставникот во текот на својата работа со учениците е комплексен процес кој ги опфаќа сите активности кои се поврзуваат со заедничката работа на наставник-учебник-ученик.

Затоа е потребна класификација на наставните методи, бидејќи со неа се создава ред, се овозможува да се согледа теоретската основа на наставата, правилно да се одберат одредени наставни содржини, да се дадат услови за подобрување за заедничката работа на наставникот и на ученикот со учебник.

Единствена класификација на наставните методи сеуште не постои, но наједноставно е тие да се класифицираат според:

- Методите на работа на наставникот и
- Методите на работа на учениците

Во првата група влегува: излагањата на наставникот, описот, разговорот, односно сите оние во кои наставникот има примарна улога. Во втората група влегуваат: вежбањето, практичните работи, лабораторските работи, односно сите оние во кои примарна улога има ученикот[79]

Наставните методи нé пренасочуваат кон наставните техники но и стратегии, а сето ова се подразбира на целиот наставен процес.

Слична класификација има и *Колетич,* па според него наставните методи може да бидат: усмено предавање, разговор, покажување, работа со текст, графички работи, лабаратоски работи.[80]

*Продановиќ,* сите наставни методи ги дели на: вербално-текстуални, илустративно-демонтсративни и лабораториско-експериментални.[81]

*Милан Јањушевиќ,* наставните методи ги дели во две групи:

- Методи за стекнување на знаења, вештини и навики, односно методи за обработка на нов материјал;
- Методи за утврдување на материјалот.[82]

Поделбата на наставните методи што ја дале Окон, Куписиевиц и Цазински, може да ја задоволи потребата за успешна класификација, а таа поделба е следнава: Методи засновани на набљудување (покажување), методи засновани на зборови (монолошки-опишување, зборување, прераскажување, дијалошки предавања, дискусии, работа со книги), методи засновани на практична работа на учениците (практични активности и лабораториска работа).[83] Има разни наставни методи, според пр. Д-р Тахир Зајази наставните методи може да бидат: традиционални но и современи.

Според него, традиционалните методи ученикот сеуште го сметат како мало дете, а современите наставни методи ученикот го сметат како индивидуум со развој и особини. Тој исто така кажува дека традиционалните наставни методи се повеќе од методологот Алаин, а современите методи се повеќе од Монтесори, Декрол и Фрајнет.

А според една друга поделба наставните методи се делат на есенацијални и егзистенцијални. Овој вид наставни методи ги препорачува американскиот

---

[79] Вилотијевиќ, М. (2000): *Дидактик: организација наставе,* Београд, Научна књига, Учитељски факултет, ,. стр: 211.
[80] Трнавац, Н,. Ѓорѓевич, Ј. (1998): *Педагогија.* Београд, , Научна књига комерц. стр: 239.

[81] Трнавац, Н,. Ѓорѓевич, Ј. (1998): *Педагогија.* Београд, , Научна књига комерц. стр: 239.
[82] Вилотијевиќ, М. (2000): *Дидактик: организација наставе,* Београд, Научна књига, Учитељски факултет, ,. стр: 213.
[83] Трнавац, Н,. Ѓорѓевич, Ј. (1998): *Педагогија.* Београд, , Научна књига комерц. стр: 239.

методолог Суходол. Во дидактиката е направена следнава поделба на видовите на методи:

- Усно изразување,
- Разговор,
- Илустративна работа,
- Практична работа,
- Работа со пишување и
- Читање и работа со текст.[84]

Имаме една друга класификација, како на пример: индивидуални методи, колективни методи, истражни методи, тимска работа и други.[85]

---

[84] Вилотијевиќ, М. (2000): *Дидактик: организација наставе*, Београд, Научна књига, Учитељски факултет, ,. стр: 213.
[85] Мурати, Џ. (2002): *Дидактика- наставна Методологија*. Тетово, Чабеј.стр: 330.

## 7.1Методи засновани на текст и збор

Учебникот од време бил главен извор на знаење, а под ова ние разбираме дека учебникот рефлектирал феномени и информации што имале објективна вредност, научни факти, обработени според дидактичките критериуми, наклонети на одредена методологија што ја дополнувала функцијата на наставата.

Значи, кога во процесот на наставата за придобивање на знаења на директен или парцијален начин го употребуваме учебникот како извор на знаење, тогаш слободно може да се каже дека таа метода се нарекува работна метода заснована на текст. Под учебник подразбираме секоја книга, во овој случај учебна книга, и секој текст што е напишан со наставна намера или пак со слична намера.

Голема вистина е, дека не секоја книга е во можност да служи како извор на знаења или наставно средство. Како извор или наставно средство, главна улога има учебникот, почнувајќи од АБЦ-ето до разновидни енциклопедии, затоа учебникот се употребува во секој предмет и на секој наставен час, како за развојот на наставата, за зајакнување и повторување на лекциите, за вежби и за независна работа на наставата.

Овој метод е различен од другите методи заради тоа што тој е заоснован на текст и на збор, прифатлив, јасен, опфатен но и решителен за сите ученици. Токму за ова можеме да кажеме дека со овој метод учениците но и наставникот доаѓат до клучна реализација на воспитниот-образовен процес.

Начинот на применување на овој метод е излеан во наставата и може да се употребува на неколку начина[86]:

- Учениците работаат независно од учебникот, тие ја разбираат идеата, пораката, содржината од учебникот и на креативен начин го интерпретиараат сето тоа што е поврзано со текстот во учебникот. Учениците на креативен и на независен начин работат со текстот за да откријат наставни факти и елементи.

- Учениците на независен начин со учебникот работат во функција на запознавање на научните и наставните факти и елементи што предходно биле раскажани од страна на наставникот. Учениците работат со учебникот според упатствата и инструкциите на учителот со конкретни намери како што се: За да утврдат закони, одредби, норми, конклузии, дефиниции, појаснувања, ставови, мислења и.т.н.

- Учениците работат независно со учебникот за да ги прошират нивните знаења и за да го запознаат реалниот живот, и да се способни за поврзување на теоретските знаења со практичниот пристап кон проблемите што ги очекуваат во текот на животот.

---

[86] Џ Мурати, Џ. (2002): *Дидактика- наставна Методологија.* Тетово, Чабеј.стр: 330.

Овој метод е од важна улога, но кога ние сме тие што ја применуваме оваа метода тогаш слободно може да се каже дека овие аспекти доаѓаат во обзир затоа што овој метод: помага на организација на наставниот процес, овозможува нормална работа, настава според интуицијата, подготвени и добро обработени информации и.т.н.[87]

[87] Монологот е еден вид наставен метод кој на вербален начин учителот ги објаснува научните факти. Монологот е стар но и темелски начин што на ученикот, учителот и ги пружи секакви видови тематски информации но сите можности што се поврзани со наставниот процес.

## 7.2. Демонстративна метода

Во некои учебници оваа наставна метода е поделена на две методи:

- Метод на илустарција
- Метод на демонстрација.[88]



89



90

А токму за оваа определба зборува и Тихомир Продановиќ. Кај Пољак се вели метод на демонстрација или покажувачка метода. Кај Никола Филиповиќ станува збор за единствена наставна метода и тоа е илустративната и демонстративната метода. Кога зборуваме за демонстративната метода, како наставна метода или начин, подразбираме пат за пренесување на знаењата преку покажување и објаснување на нештата и појавите на учениците.

Тука пред се́ се мисли на предметот од каде го пренесуваме знаењето.Како главен предмет за пренесување на знаењето е ученикот, сликите, цртежите, модели, скици, шеми, карти, дијаграми, сликовници и стрипови.

Има и други наставни средства што се применуваат низ повеќе предмети и наставни предмети и воспитно-образовни подрачја во воспитно-образовниот процес впрочем тие се нови и во споредба со другите тие често се од практичен карактер.

Цел на оваа метода е да посочат што е важно во содржината и да размислуваат за тоа.

Демонстративната метода во наставата се спроведува со цел да се конкретизират содржините во наставата, со тоа да бидат појасни и организирани, плански, соодветни на содржината на воспитно-образовниот процес.

Учениците преку демонстративниот метод се насочуваат на суштината и важноста на знаењата. Кога ќе ги посочиме фактите треба да ги поврземе и да

---

[88] Продановиќ, Т. (1971): *Основи дидактике,* Београд, Завод за учебнике и наставна средства. стр: 135.

[89] Оваа слика кажува дека е од демонстративен метод, затоа што учителот кажува на каков начин функционира нешто или пак работи некаков наставен проблем.

[90] Исто така и оваа слика е од демонстративен карактер , некои ученици бараат да знаат нешто а тоа го добиваат од натавникот со овој вид метод.

формираме поими во врска со предметот и да се направи набљудување во природниот амбиент, но не секогш тоа е возможно. На пример учениците од второ одделение читаат текст за снегот, и во тој случај ние ќе им покажеме слика со снегулка, со снешко и сл.

Исто така учениците во тој случај ќе ги гледаат тие слики и на демонстративен начин ќе се запознаат со реалноста, но и со природата што ги опкружува. Оваа метода им овозможува на учениците да добијат знаења на најприроден начин, да развијат смисол за набљудување на постојаните знаења. Демонстративниот метод може да се применува во сите етапи на наставниот и воспитен процес.[91]

[91] Зулфиу, Н. (1997): *Дидактика*. Приштина, Рилиндја. стр: 31.

## 7.3. Методи на практична работа на учениците

Со овој метод, знаењата се стекнуваат со практична и лабораториска работа. И затоа ќе зборуваме за две страни за практична и лабараторска работа. Практичната работа се одвива во работилница, градина, овоштарник, училница.





Овој метод се применува во сите наставни предмети. На сликите може да се забележи дека практичната работа е многу профитабилна но и сукцесивна заради нејзиниот карактер. И на сликите може да се види дека тие што го применуваат овој вид метод се многу задоволни оти тој навистина нуди преефикасен но и вистински избор на стекнување знаења. Во практичната настава се стекнуват, проверуват, утврдуваат знаења и вештини што се придобиени од порано, но и оние што ќе се добијат преку овој вид настава.

Можно е да се формираат вештини и развивања на психомоторни способности за лесно и побрзо изведување на некои работи кои следат по теориска основа на некоја целина.

Задачите што се остваруват треба да се со дидактичка вредност тие треба да се проверат и применат како теориски знаења, но и да се започне процесот на работата, и да се согледаат некои работни операции.

Практичната работа треба да биде организирана, треба да се види која наставна содржина според планот и програмата може да се примени и која воспитно-образовна задача треба да се оствари со практичната работа.

На пример со мајчин јазик има содржини со улоги (драма што ја изведуват учениците, практична работа тука е: набљудување и помош на учениците додека ги изведуват улогите).

Кај учениците во наставниот процес се побудува вредност што е незаменлива бидејќи ги активира учениците за работа во учебникот. Голем успех имало и ќе има со помош на илустраците во учебничките содржини, како што се: слики, репродукци, скици, графики, цртежи, географски и историски карти, личности и др.

Овој вид метод е многу профитабилен, но и конечно предложен од многу педагози но и дидактичари што се занимаваат толку многу години со ваквиот вид метод. Карактеристики на овој метод се: лесен пристап имаат сите ученици до знаењата, применлив метод, можност за кооперирање но и голема соработка помеѓу актерите на овој вид настава.

# 8. Модели на примена на учебникот

Учебникот има голема примена во секаков вид наставен процес, наставните промени доликуваат на тоа и ова е еден од современите предизвици на денешните времиња. Функцијата на учебникот во наставниот процес е многу сложена и испреплетена е со голем број разновидни елементи и фактори што се среќаваат во него. Сложеноста на овие прашања произлегуваат всушност, од сложеноста и разновидноста на современата конципираниот на наставниот процес. Учебникот од класичен тип, учебник кој што е конструиран врз застарените дидактички норми, на пример во опрделено време бил носител на наставниот процес до толкава мера што сите фактори и учесници во наставниот процес му биле потчинети на овој фактор. Бројни фактори, психолошки и социјални што учествуваат во наставата, всушност имале функција да ги реализираат барањата на учебникот. Современиот учебник што ги следи иновациите во наставата се карактеризира со некои модели[92]:

Модел 1. Учебникот како директен извор на знаења

Модел 2. Учебникот како можност за анализа на текст

Модел 3. Учебникот како можност на илустративен материјал

Модел 4. Содржините на учебникот како на иницијација на активности на наставниот час

Ние ќе ги елабориаме сите, затоа што мислиме дека се од важен дидактичен аспект, и токму затоа ќе ги објасниме подолу.

---

[92] Овие модели се спомнуваат во периодичното издание на Бирото за Образование *Образовни рефлекси3-4/2006,стр.13.*

## Модел 1. Учебникот како директен извор на знаења

Учебникот се смета како извор на знаење, меѓутоа кога го гледаме од историски аспект тој ни се презентира како единстевен достапен извор на знаења или утврдувања што до некогашно време се земаа како вистинити, ама во денешно око тие вистинити се викаат научни хипотези. А ова се случува заради големи но и дополнителни современи извори на информација, и сега малку има дискусии и прашања во врска со судбината на директниот пренос  на информации од учебникот. Ние сметаме дека учебникот е директен извор на знаења, но слободно можеме да кажеме дека не е единствениот што може да решава сé ,затоа што наставниот процес е малку сензибилен и чувствителен кон сите организирани детали.


[93]


[94]

---

[93] Поаѓајќи од фактот дека учебникот има голема улога на самиот процес, неговата важност може да ја прикажаме на неколку аспекти: како наставен педагошки документ, како работно средтсво на учениците, прирачник на учителите, а ние сметаме дека во современата настава не претставува единствен извор на знаења, но не ја ограничуваме неговата употреба во наставниот процес. Овој став го браниме оти мислиме дека ако учебникот е единствено средство тогаш се работи за ограничување на наставниот процес, бидејќи  наставниот процес е преконцентриран на ученикот.

[94] Од оваа слика може да се забележи една од најважните примени на учебникот, а тоа е дека современата настава или тенденција на современата настава е да учениците читајќи ги содржините од учебникот да бидат автокритични но и  на истражувачки начин да се убедуваат од самите научни факти.

## Модел 2. Учебникот како можност за анализа на текст

Учебниците се успешни кога тие се во можност да даваат максимално добра информација, а ова се постигнува само преку тимска работа, но и добро анализирање на научните факти и знаења. И сето ова ќе се применува додека се земаат во предвид некои клучни фактори, а тие ги имаме наведено и погоре, како на пример, возраста на учениците и.т.н. За учебникот да се појави како можност на анализа на текст, како прво треба да се земат во предвид неколку елементи како што се:

- учебникот треда да биде подготвен со точни информаци, а ова има голема важност оти ако сакаме да направиме анализа тогаш мора да имаме верифицирани информации за да се анализираат текстовите, учебник добро обработен, и да не се состои од некакви двосмислени работи, поради фактот дека, ако се состои со вакви факти може да биде нејасен, и неразбирлив за учениците но нема да може да има место за анализа; секој дел во учебникот треба да биде јасно објаснет и во можност да се применува во адекватна насока што и доликува на анализа на текст.

- да има конкретни задачи и да им се даде можност на учениците, тие самите да ги решават проблемите што се внесени во текстот, а ова помага и во понатамошна анализа.[95]

[95] Овие точки до некаде се пренесени и во прирачникот на Бирото за развој на образование од декември 2010-та.

## Модел 3. Учебникот како можност на илустративен материјал

За исполнување на сознајните и воспитните функции со учебникот , при разработка на содржините во многу случаи се користат следниве визуелни прилози:

- слики, репродукции на уметнички дела, детски цртежи, научни илустрации, карти, (географски карти и сл), шеми, модели, скици, стебла и сл;

- Дијаграми, графикони (сликовен, линеарен и др), илустрации што го следат текстот, фотографии;





[96]

Многу е важно да илустративните примероци се совпаѓаат со наставните содржини. Така што во овој контекст може да се наведат неколку функции:

- Сознајните и воспитните функции на учебникот;

- Да се поттикнува интерес и смисла за убавото (со уметнички илустраци, слики и репродукци);

- Да се побудува мотивацијата на учениците (како со цртаните ликови од детските списанија-стрипови)

Илустрациите може да бидат валидни, според нашето лично мислење само тогаш кога се во функција да го реализираат на успешен начин воспитно образовниот план и програма во поединечни предмети. Сите илустрации треба да содржат карактеристики и да бидат нанесени, и прилагодени на развојните карактеристики на учениците. Горенаведените функции имаат задача да ги исполнуваат основните стандарди за визуелни прилози на учебникот.Сите овие функции може да се достигнат доколку се земе во предвид следново:

- Да се поттикнат мисловни процеси (со прегледно и јасно искажување преку илустрациите);

- Да бидат поттик за набљудување и истражување непознати појави и предмети, со тоа да се постигне креативна работа со учениците;

---

[96] Понекогаш и сликите доволно го кажуваат тоа што треба да им се објаснува на учениците на добар начин но и на илустративен начин да бидат изложени сите знаења.

- Да се во задача на пробудување интерес, компарација, и размислување во врска - пр. со собраќајните знаци, однесувањето на луѓето во средината и сл.

Во учебниците во голема мера се застапени визуелни прилози со кои:

- Се издвојуваат одредени етапи на мисловните процеси или се представува и објаснува некој процес, се објаснува и конкретизира некоја појава и предмет, се објаснува и поттикнува взаемна условеност на причините и последиците на одредена појава, каузална метода.

- Се побудува мисловна креативност, која го осамостојува ученикот во неговата работа;

- Се објаснуваат појави и процеси кои не се забележливи во секојдневниот живот (растителниот и животниот свет, појави и објекти, развојот на човекот, појави во природата и сл).

Учениците со задоволство учат од учебник кој има графички решенија или графички основи за можните решенија на проблемот.[97]

Современиот и добар учебник треба да му помогне на ученикот да развива најдобар систем на мислење, да го учи како да го дифиренцира научното од ненаучното, новото од старото но и доброто од лошото.[98]



[99]

[97] Макзлиева, Е. (1995): *Прашањата, Задачите и Вежбите како Дидактички Компоненти во учебниците за одделенска настава.* Скопје, Просветно Дело. стр: 23.

[98] Ибидем.

[99] И во горната слика слободно може да се види дека учебникот се применува како директен дидактички извор на знаења, ами и наставниците имаат голема улога за добро и успешно применување на учебникот во наставниот процес и како директен извор на знаења но и како можност за добра анализа на текстовите.

Во многу ситуации кога налага природата на наставните содржини, во учебниците има табели, цртежи, слики, шеми, преку кои се има во предвид да се искажат одделени процеси и етапи на развојот на растенијата, животните и човекот. Се пренесуват фази од одередени развои од некои животни и сл. Исто така може да имаме и такви илустраци со кои се прикажува одреден дел од некој организам кој со голо око не е забележлив.

Преку визуелизација на учебниците се нудат т.н. шеми со кои може да се пренесуваат постапки, знаења, и умеења во врска како може да се реши еден проблем кој не е и толку познат во секојдневниот живот.

Според природата на еден учебник треба да се налагаат и такви илустративни прилози, односно автентични историски прилози кои се адекватни на содржините на текстот, настаните, ликовите и сл., како и илустрации за пренесување пораки и размислување во врска со екосистемите.

Една од функциите на учебникот, без сомнение е и неговата илустрација преку која се поттикнува активноста на секој ученик како на пример: може да се пробуди интерес и размислување за детска активност (вежби, некоја постапка, правилно држење на телото, седење на столче исправени и сл), учебникот може да биде изграден со илустрации кои ќе се појават како поттик , кои ке бидат привлечни и кои ќе ги водат учениците да ги доживуваат некои проблеми.

Во одредени ситуации авторите може да планираат илустрации во вид на стрипови, да ги усогласуваат со процесот на наставата за да се поттикнат различни активности.

За оваа цел се задолжителни илустрации кои кај детето раѓаат чувство на позитивна активност и размислување, конкретно да се сензибилни и чувствителни мислења како што се респектирање на правата, праведност кон другите, приватноста, толеранцијата, хуманоста и солидарноста према другите поединци.

Авторите на текстовите секогаш треба да имаат во предвид, учебниците да ги подготвуваат со илустрации преку кои ќе ги воодушеват децата, преку илустрациите да се пренесуваат постапки, начин на однесување на релација дете со дете или ученик со ученик, ученик-наставник и обратно или да има такви илустрации за личностите кои се спомнуваат во текстот ако воопшто се спомнува некоја личност во тој текст.

Илустративните прилози имаат голема функција и сознание и не само тоа, тие се доликуваат со воспитни карактеристики. Преку нив се поттикнува мотивацијата, се пренесуваат пораки, расте креативното мислење, се раѓаат идеи и слични сложени процеси.

Исто така од голема важност е да илустраците треба да пробудуваат интерес и размислување за детска активност, да има илустрации кои се прикажани во вид на стрип и преку илустрациите да се покаже нивото на инспирација кај ученикот.

Преку илустрациите се продлабочува и дообјаснуваат содржините, а се пренесуват и позитивни карактерни особини од личностите.



Тие може да пробудат интерес, љубопитност за работата на човекот, да пренесуваат културни вредности или да поттикнуват активност за забележување, доживување и вреднување на убавото. Сето ова се постигнува кога илустраците и текстот во секој учебник прават логична и уметничка целина.[100]

[100] Во погорната слика се гледа убаво како на достоен начин наставникот применува еден вид наставен метод што се нарекува демонтсративен метод, за разлика од илустративниот метод.

## Модел 4. Содржините на учебникот како иницијација на активности на наставниот час

Изборот на содржините и нивното систематизирање во учебникот има клучно значење за остварување на воспитно-образовните цели при учењето со учебникот. Овие сложени барања авторите на учебниците може да ги исполнат доколку се придржуваат до современите дидактички стандарди за учебникот.




Всушност, се налага потреба авторите на учебникот да направат валиден избор на содржините во согласност со дидактичките правила:

- Изборот и систематизирањето на содржините да се темели врз наставаната програма и да биде одмерен со возраста и развојните каратеристики на учениците;

- Да се обрнува еднакво внимание на образовните и воспитните цели (во зависност од природата на наставниот предмет;.

- Да се води грижа за вкупното распоредување на содржините, за нивното расчленување во помали делови и постепено проширување и продлабочување на знаењето;

- Да се запази автентичноста на изборот и обликувањето на содржините;

Едновремено треба да се настојува со изборот и со обликувањето на содржините и учењето со учебникот да биде економично и рационално.Тоа подразбира:

- Да нема екстензивно изложување на факти, поединости, настани и сл.

- Обемот на содржините во учебникот да биде усогласен според времето што им е потребно на учениците и со нивните напори за учење (како нов чинител во стилот на учењето). Да има економично изложување на содржините во рамките на другите извори што ги користат учениците за усвојување нови знаења.




При систематизирањето на содржините авторите на учебникот да се придржуват кон следниве правила:

- Да ги дефинираат темите во согласност со наставната програма;

- Да го одредуваат редоследот на темите и да планираат и уредуваат содржини/ наставните единици во поднаслови или други дидактички целини со кои се конкретизираат целите и задачите на наставната програма;

При уредувањето на содржините се налага потреба да се отстапува од општо прифатените стандарди:

- Со насловите и поднасловите на темите да се извлечени битни идеи, поими и законитости;

- Расчленувањето на содржините во темите и под насловите да биде одмерено според возраста и развојните карактеристики на учениците;битните идеи, поими, правила, формули и др, да се подвлечени или поинаку одбележани.

Се налага потреба обемот на содржините во темите на учебникот да одстапуваат од прифатените стандарди: бројот на страниците во учебникот да биде сообразен со фондот на часови за наставниот предмет;Содржините во темите да не се предимензионирани (да има просечно по две до три страници за наставна единица со осмислена и систематизирана целина) освен во учебниците за прво, второ и трето одделение и за предметите со понагласени содржински и методски специфичности), Обемот на содржините и целиот текст во учебникот да биде усогласен со визуелните прилози и возраста на учениците.

Со учебникот се служат млади луѓе, поаѓајќи од нивните потреби и интереси, современиот учебник не смее од нив да бара само пасивна репродукција на факти, туку активно творечко мислење и трагање со можност да проверуваат, испитуваат или пак да експериментираат.[101]

---

[101] Макзлиева, Е. (1995): *Прашањата, Задачите и Вежбите како Дидактички Компоненти во учебниците за одделенска настава.* Скопје, Просветно Дело. стр: 29.

## *II. Методологија на истражувањето*

### *1. Предмет на истражувањето*

Несомнено е значењето на учебникот како извор на сознанија. И покрај заложбите за поефикасна изведба на наставата која треба да има техничко-технолошка поддршка, учебникот е незаменлив. Ефективноста на наставата согледана од аспект на учечко-поучувачките процеси кои се одвиваат во неа објективно зависи од користењето на учебникот. Значајно е да се нагласи дека современата настава не се стреми кон избегнување на учебникот или негирање на неговото значење. Поактуелен проблем е како учебникот во услови на фреквентна употреба на бројни визуелни и електронски средства може да се користи, какви модели на користење треба да бидат застапени и какви се ставовите на неговите консументи кон неговите содржини, илустративни компоненти и севкупната методско-дидактичка апаратура.

Тоа се причините и појдовните основи на истражувањето во овој труд кои се согледуваат преку дефинирање на предметот на истражување.

**Предмет на истражувањето** е учебникот како компонентна за реализација на наставниот процес .

Предметот на истражувањето во овој труд се проучува од следниве негови аспекти:

1. Колку учебниците за поучување се соодветни на поставените цели на наставата (критериуми, дизајнерски решенија, допадливост и целенасоченост);

2. Дали и колку учебниците се соодветни на структурата на наставната содржина што се реализира во наставата ;

3. Кои модели на користење на учебникот се присутни во различни наставни предмети;

4. Дали учебниците кои се користат во наставата соодветствуваат на специфичностите на целите на различни наставни предмети;

5. Начини на користење на дидактичко-методската апаратура на учебникот и дали истите се во функција на учењето (податливост на учебниците за ученици кои имаат тешкотии во учењето);

6. Начини на користење на дидактичко-методската апаратура на учебникот и нејзината податливост и можности за забрзано напредување во учењето на некои ученици;

7. Прилагоденост на учебникот со бројот на учениците на одделението ;

8. Артикулација на активности на работа во текот на еден работен ден од аспект на доминација на работата на носечките субјекти во наставата (наставник и ученик);

9. Услови за работа во училницата (постоење на соодветни наставни стредства и материјалите за работа) ;

10. Ставови и мислења на наставниците во однос на успешна примена на содветни учебници за реализација на воспитните цели :

11. Ставови и мислења на наставниците во однос на можните проблеми и потешкотии со кои се среќаваат во текот на работата .

## *2. Цел и задачи на истражувањето*

Сложеноста на предметот на истражување ја наметнува потребата од јасно дефинирање на неговата цел.

**Целта на ова истражување** е добивање квалитативни и квантитативни сознанија за учебниците како методска компонента на наставата, нивната функција, улога и значење во учечко-поучувачкиот процес преку изградените ставови на носечките субјекти во наставата (наставници и ученици).

Целта на ова истражување е конкретизирана низ повеќе **посебни задачи:**

1.Да се испита изборот на учебниците соодветно со поставените цели од одредено програмско подрачје или наставен предмет;

2.Да се појасни што е различно во учебникот со дефинираните цели што се реализират во наставата ;

3.Да се испита колку се учебниците прилагодени на предметите кои не припаѓаат на природно-научното програмско подрачје;

4.Да се испита какви се можностите за користење на учебникот во функцијата на учењето кај учениците кои имаат тешкотии во учењето ;

5.Да се добијат податоци за можностите за користење на учебникот во функцијата на учењето кај ученици со забрзано темпо на напредување во учењето);

6.Да се добијат сознанија за ставовите на наставниците во врска со прилагоденоста на учебникот со возраста на учениците ;

7.Да се дојде до сознанија за организацијата и артикулационите етапи на работата во текот на денот (артикулациона локација на користењето на учебникот);

8.Да се испитатат ставовите и мислењата на наставниците за успешната организација нанаставниот процес во текот на работатата со учениците;

9.Да се испитатаат ставовите и мислењата на наставниците за можните проблеми и потешкотии со кои се среќават во текот на работата ;

10. Да се испитаат ставовите и мислењето на учениците во врска со користењето на учебниците во различни програмски подрачја и наставни предмети.

## *3 . Хипотези*

### 3.1 Генерална хипотеза:

Ставовите и мислењата на наставниците во врска со употребата на учебникот како компонента на наставниот процес глобално се позитивни.

### 3.2 Посебни хипотези

1. Наставниците имаат изградени критериуми за избор на учебниците;

2.Мотив за избор на учебник од страна на наставниците се дефинираните цели што треба да се реализираат во наставата а ги содржат наставните програми;

3.Наставниците сметаат дека учебниците се прилагодени на специфичната природа и карактер на целите на секој наставен предмет;

4.Наставниците ја користат методско- дидактичката апаратура на учебниците почитувајќи ги темпото и динамиката на напредување во учењето од страна на учениците;

5.Постојат разлики во моделите во примена на учебниците во зависност од прородата на наставниот предмет ;

6.Наставниците имаат објективни сознанија за факторите и пречките кои влијаат врз применувањето на учебниците;

7.Наставниците ги идентификуваат факторите и пречките врз примената на учебниците во различни артикулациони етапи на часот.

## *4 . Варијабли*

**Зависна варијабла**

Ставовите и мислењата на наставниците во врска со моделите на користење на учебникот .

**Независна варијабла**

Независна варијабла се различните наставни ситуации: артикулација, тип на час, програмско подрачје и наставен предмет.

## *5. Примерок*

За потребите на истражувањето во овој труд идентификувани се неколку субпримероци како извори на сознанија и податоци преку кои можат да се проверат поставените хипотези.

1.Субпримерок: основни училишта

2.Субпримерок: субјекти:

а) наставници
б) ученици

## 5.1. Опис на субпримероците

### а) Основни училишта

За ова истражување се избрани 5 основни училишта од Тетово и околината. Како истражувачки единици се влезени и подрачните училишта со што нивниот број се зголемува на 10 основни училишта. Субпримерокот основни училишта го сочинуваат следните училишта како истражувачки единици:

| Реден број | Основно училиште | Место | Тип на училиште:<br>(централно;подрачно) |
|---|---|---|---|
| 1. | Братство Миѓени | Тетово | централно |
| 2. | Лирија | Тетово | Централно |
| 3. | Андреа Савевски Ќиќиш | Тетово | централно |
| 4. | Кирил и Методиј | Тетово | централно |
| 5. | Наим Фрашери | Тетово | централно |
| 6. | Перпарими | Голема Речица | подрачно |
| 7. | Ибрахим Темо | Стримница | подрачно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Лириа | Жеровјане | подрачно |
| 9. | Скендербеј | Пороj | подрачно |
| 10. | Сабедин Бајрами | Камењане | подрачно |

Субпримерокот основни училишта е составен од две категории училишта:

- основни училишта кои работат во урбана средина;
- основни училишта кои работата во рурална средина

**б)Субпримерок: наставници**

Субпримерокот наставници во ова истражување го сочинуваат наставници од наведените основни училишта кои реализираат настава во четврто одделение. Основни причини за избор на оваа структура наставници се следните:

- наставниците од четврто одделение веќе стекнале искуство во наставата во првиот образовен циклус на основното деветгодишно образование;
- наставниците стекнале искуство во користењето на најновата генерација учебници за основно образование;

Овие два аргументи за ова истражување се мошне значајни бидејќи од нив како истражувачки субјекти можат да се добијат резултати кои се релевантни и тесно поврзани и условени од предметот и целта на истражувањето.

Со истражувањето се опфатени вкупно 40 наставника кои изведуваат настава во четврто одделение. Субпримерокот наставници во истражувањето учествува како субјекти кои се анкетирани со инструмент кој е специјално дизајниран за ова истражување.

**в) Примерок ученици**

Овој примерок за интервју го сочинуваат 60 ученици од градски училишта и 40 ученици од рурални училишта кои посетуваат настава во четврто одделение. Карактеристиките на овој примерок за кој се определивме, се однесуваат на следните аспекти:

- учениците стекнале основна јазична, математичка, музичка и картографска писменост; учениците од четврто одделение стекнале искуство во користење на учебници;
- степенот на самостојна работа со учебник кај оваа возрасна структура ученици е повисок во споредба со искуствата од почетните одделенија на основното деветгодишно образование;
- учениците на оваа возраст и училишните искуства можат да дадат значајни податоци за нашето истражување;
- учениците на оваа возраст имаат развиени вештини за комуникација која дава драгоцени сознанија за нивното мислење и ставови.

## *6 . Карактер на истражувањето*

Истражувањето на овој труд има нагласен емпириски карактер. Вклучени се следните истражувачки постапки поврзани со предметот и целта на истражувањето;

- Анализа и проучување на релевантни теоретски извори во кои е елабориран проблемот на користење на учебници во основното училиште; структура и дизајнирање на учебниците; методски модели на користење на учебниците; аспекти на методско-дидактичката апаратура во учебниците; видови и типови учебници;
- Проучување и анализа на ставовите и мислењата на наставниците кои реализираат настава во четврто одделение и кои претставуваат релевантни фактори за избор, моделирање на наставни ситуации во кои се користат учебници;
- Проучување на мислењето и анализа на искуствата на учениците кои посетуваат настава во четврто одделение преку нивните директни искази во спроведеното интервју.
- Истражувањето се применува со директно интервју.

## *7. Методи и техники на истражувањето*

Во истражувањето на овој труд носечка метода е аналитичката со нејзините варијанти:

- аналитичко-дескриптива;
- аналитичко-компаративна;
- аналитичко-експликативна

Аналитичко-дескриптивната варијанта во истражувањето е користена во описот на носечките педагошки категории и сознанија и во теоретскиот и во емпирискиот дел на трудот (опишување на учебници, наставни ситуации, односи и релации, инструменти, истражувачки примерок и сл.).

Аналитичко-компаративната варијанта е користена при споредување на бројните теории за користење на учебниците во основното образование, утврдување на разлики и сличности во ставовите и мислењата на наставниците и на учениците.

Аналитичко-експликативната варијанта е користена при објаснувањето на соодносите на ставовите на субпримероците во истражувањето, причините за разлики и сличности, објаснување на теоретските согледувања и сл.

## 7.1. Техники на истражувањето

Наведените методи во ова истражување ја наметнуваат потребата од користење на следните истражувачки техники:

- **анкетирање** на субпримерокот наставници;
- **интервјуирање** на примерокот ученици

## *8. Инструменти на истражувањето*

За потребите на ова истражување се дизајнирани посебни инструменти кои соодветствуваат на целите на истражувањето и обезбедуваат податоци кои можат да обезбедат проверување на поставените хипотези.

Во истражувањето се користени следните инструменти:

- **анкетен лист** за испитување на ставовите и мислењето на наставниците;
- **протокол за интервју** на ученици од четврто одделение

### 8.1. Опис на инструментите

Анкетниот лист наменет за испитување на ставовите и мислењето на наставниците има карактер на скалер бидејќи преку него се испитува степен на зачестеност на појавата односно проблемот на истражување. Овој инструмент се состои од 25 констатации и испитаниците треба да се определат за еден од дадените степени ( 1- воопшто не е така, 2-делумно, 3-во потполност е така, или со зборови да се изјаснаат наставниците), со заокружување на само еден степен. Заради тоа инструментот дава можност да се утврдат ставовите на наставниците од аспект на нивната секојдневна практика. Понудените констатации претставуваат проверка на искуствата на наставниците и затоа инструментот е еден вид чек-листа со која се проверуваат нивните ставови.

Протоколот за интервјуто со ученици се состои од 5 точки и 24 дескриптори на прашањата кои се поставени во рамките на секоја точка на инатервјуто. Некои од прашањата се со додатни компоненти за да може секој учесник во групата правилно да го разбере поставеното прашање.

## *9. Обработка на податоците*

Податоците добиени од ова истражување се обработени преку квалитативни и квантитативни постапки.

Квалитативните постапки се спроведени при анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од интервјуто со учениците.

Квантитативните постапки се спроведени при анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од анкетата на наставниците како субпримерок на истражувањето.

Добиените резултати се презентирани табеларно и со хистограми со застапени фреквенции, средна вредност и проценти по извршеното групирање, рангирање и пресметка на соодносите меѓу нивните вредности.

Резултатите од примерокот се работени компјутерски во Microsoft Office 2007 (Microsoft Office Excel 2007)

Во завршната фаза на анализата и интерпретацијата на резултатите направена е генерализација и заклучни согледувања со цел да се утврди степенот на проверка на поставените хипотези на истражувањето.

# III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

Анализата на педагошките и дидактичките компоненти се од голема важност, но и токму за тоа, нашата цел во врска со анкетирањето е да се испита колку учебникот е соодветен за наставно-образовниот процес, како се применува тој, какви видови учебници се применуваат во наставата, дали се држат кон наставниот план или пак имат некоја забелешка. Во ова истражување беше спроведено и неструктурираното интервју како истражувчка техника. Оваа квалитативна техника ја спроведовме со помош на неколку суштински но и материјални услови, вклучувајќи ги многуте дескриптивни но и преписните прашања. Протоколите се состоеја од општи податоци но и стручни податоци. Имаше многу употребени прашања, од разни видови, нормално дека се земени во предвид многу предуслови како начин на изразување на понатамошната процедура на анкетирање. Сето ова, се фокусира на учебникот како главна компонента на понатамошниот образовен процес но и наставни цели. Ова го појаснивме и кај протоколот кај учениците но и кај наставничкиот протокол. Понатамошните резултати се јасни и зборуваат на каков начин наставниците се определуваат на работното место, но и учениците за кој предмет се определени но и кој учебник претставува главен ,како и посакуван предмет за нив. Истражувањето беше изведено во период од крајот на месец Април до првата недела на месец Мај 2011 година. А сите овие ќе можеме подолу да ги наведеме. Им се заблагодаруваме на сите за соработката.

## 1.1. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТАТА СО НАСТАВНИЦИ

Прашањата од анкетните листови за наставниците се структуирани според субпримерокот во две структури:

- Според одделението кое го водат наставниците(IV одд)
- Според одделението кое учениците го посетуваат(IV одд)

Со првото прашање од анкетните листови,преку мислењата на наставниците,добивме податоци дека наставните часови се планираат и реализираат за постигањата на целите од наставната програма од соодветен учебник за секој наставен предмет.
Резултатите од одговорите на наставниците и учениците се презентирани графички и табеларно,односно се претставени како графикон бр. 1 и табела бр.1-а

- **Наставните часови ги планирам и реализирам за постигнување на целите од наставната програма за секој наставен предмет со користење на соодветен учебник.**

Графикон бр.1 **Планирање и реализација на часовите и користење на учебник**




Табела бр.1-а -**1.Планирање и реализација на часовите и користење на учебник**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 4 | 10 % |
| Во потполност е така | 36 | 90 % |

- Од Графиконот бр.1 и од Табелата бр.1-а се забележува дека целта на ова прашање е да се види дали наставникот ги планира и реализира наставните часови со користење на соодветен учебник. Според добиените одговори, може да се заклучи дека 10% од испитаниците делумно се согласува,а 90 % во целост се согласува со наведената констатација, бидејќи годишните планови и програми не можат да се планираат без учебник со кој ќе се реализира наставата.

- **Една од целите на истражувањето е да се види врз која основа наставниците ја носат одлуката за избор на соодветен учебник. При тоа во предвид се земени повеќе параметри, како : консултација со колегите, популарност на авторот на учебникот, сугестија на соодветен советник и сугестија на директорот и стручната служба во училиштето.**

Графикон бр.2 **Консултација со колегите**




Табела бр.2-а - **2. Консултација со колегите**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 11 | 27 % |
| Во потполност е така | 29 | 73 % |

- Како што се гледа од графиконот и од табелата поголемиот дел од испитаниците, односно 73% одлуката ја носат врз основа на претходна консултација со колегите,бидејќи преку конверзација со колегите се овозможува носење на правилна одлука,заснована на повеќегодишното работно искуство и споделување на различни гледишта во однос на конкретниот предмет на расправа.

Графикон бр.3 **Популарност на авторот на учебникот**



Табела бр.3-а - **3.Популарност на авторот на учебникот**

| Степен на согласување | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 25 | 62 % |
| Делумно | 9 | 23 % |
| Во потполност е така | 6 | 15 % |

- Заклучокот е дека најголемиот дел од испитаниците,25 испитаници(62%) одговориле во општо не е така се односно изборот на учебник не го вршат врз основа на популарноста на авторот,делумно се одлучуват 9 испитаници (23%) а во потполност е така се изјасниле 6 испитаници (15%) односно изборот на учебниците го прават врз основа на различни критиериуми.

Графикон бр.4 **Сугестија на советник**




Табела бр.4-а -**4.Сугестија на советник**

| Степен на согласување | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 30 | 75 % |
| Делумно | 9 | 22 % |
| Во потполност е така | 1 | 3 % |

- Како што се гледа од графиконот и од табелата за сугестијата на советникот за избор на учебникот од 40 испитаници 30 испитаници (75%) одговориле дека воопшто не е така,делумно се одлучиле 9 испитаници (22%) а во потполност е така се одлучиле 1 испитаник (3%)што значи најголем дел од испитаниците сметаат дека сугестијата на соодветниот советник нема значително влијание во изборот на учебникот. И овде се потврдува заклучокот од претходното прашање дека одлуката за избор на учебник се носи врз основа на други или различни критериуми.

Графикон бр.5 **Сугестија на директорот и стручната служба**




Табела бр.5-а-**5.Сугестија на директорот и стручната служба**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 27 | 67 % |
| Делумно | 12 | 30 % |
| Во потполност е така | 1 | 3 % |

- Во графиконот и табелата се покажуваат резултатите од анкетниот лист што се одлучуваат наставниците за избор на учебникот,воопшто не е така се изјасниле 27 испитаници (67%) делумно 12 испитаници (30%) во потполност е така 1 испитаник (3%). Мнозинството од испитаните лица не се согласуваат со оваа констатација и изборот на учебник не го вршат според сугестија на директорот и стручната служба во училиштето. Само одлукатата ја носат врз основа на овој критериум,што значи дека всушност нема некое посебно влијание врз нивниот избор.

- **Дел од истражувањето има за цел да создаде јасна и прецизна слика за тоа како се одвива реализацијата на наставата низ призма на повеќе критериуми како :**
- Користење на стручна литература, Интернет и други извори
- Користење на текстови и дидактичка апаратура
- Употреба на илустрации и друг застапен визуелен материјал
- Примена на различни наставни методи и техники на учење
- Користење на наставен учебник
- Да се види дали користењето на наставниот учебник е со цел да се обезбеди квалитетен час и реализација на оперативните цели на часот

Графикон бр.6 **Стручна литература, Интернет и други извори**




Табела бр.6-а- **6.Стручна литература,Интернет и други извори**

| Степен на согласување | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 1 | 2 % |
| Делумно | 15 | 38 % |
| Во потполност е така | 24 | 60% |

- Како што се гледа од графиконот и во табелата односно 24 испитаници (60%) во потполност се изјасниле, а делумно 15 испитаници (38%) од анкетирани наставници се изјасниле дека ја користат стручната литература, Интернетот и другите надгледни средства, при реализација на наставата, се со цел на учениците да им се обезбеди квалитетно,ефективно и ефикасно образование.

Графикон бр.7 **Употреба на учебник**




Табела бр.7-а -**7.Употреба на учебник**

| Степен на согласување | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 2 | 5 % |
| Делумно | 13 | 32 % |
| Во потполност е така | 25 | 63 % |

- Со прашањето употреба на учебникот 25 испитаници (63%) во потполност се согласуваат со употребата на учебникот,делумно 13 испитаници (32%) и воопшто не е така 2 испитаници (5%).Од одговорите на наставниците добивме сознание дека покрај учебникот наставниците ги користат останатите нагледни средства, го користат наставниот учебник за реализација на наставата. Користењето на учебникот во наставата има повеќекратно значење како за наставниците така и за учениците. На учениците им

служи како водич кој им ги обезбедува сите потребни информации за предадениот материјал на школскиот час, исто така им нуди проверка на знаењата преку соодветни прашања и задачи кои се однесуваат на материјалот.

Графикон бр.8 **Целта на употреба на учебниците**




Табела бр.8-а – **8.Целта на употреба на учебниците**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 1 | 2 % |
| Делумно | 4 | 10 % |
| Во потполност е така | 35 | 88 % |

- Употреба на учебникот како како што се гледа од графиконот и во табелата, 35 испитаници (88%) во потполност се изјасниле дека наставниците при реализација на наставата ги користат учебниците,делумно се изјасниле 4 испитаници (10%) и 1 испитаник не се согласува,и тој има свое мислење,мнозинството сметаат дека тоа ќе обезбеди квалитетен час и ќе допринесе за реализација на оперативните цели на часот и пред се учебникот ги одредува целните точки на кои наставникот треба да го спроведе предавањето на материјата на школскиот час, како и помошно средство кое се користи за домашна работа.

Графикон бр.9 **Употреба на текстови и дидактичка апаратура**



Табела бр.9-а- **9.Употреба на текстови и дидактичка апаратура**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 25 | 62 % |
| Во потполност е така | 15 | 38 % |

- Од добиените резултати за употребата на текстови и дитактична апаратура се гледа од табелата 9-а и тоа делумно одговориле 25 испитаници (62%)во потполно се согласуват 15 испитаници (38%), а врз основа на податоците може да се заклучи дека постои делумна употреба на текстови и дидактичка апаратура во реализација на наставата. Во поново време поинтезивна е употребата на Интернетот како дел од наставата.

Графикон бр.10- **Употреба на илустрации и друг визуелен материјал**




Табела бр.10-а -**10.Употреба на илустрации и друг визуелен материјал**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 2 | 5 % |
| Делумно | 17 | 42 % |
| Во потполност е така | 21 | 53 % |

- Од одговорите на анкетниот лист за употребата на илустраците и другите визуелни материјали, се изјасниле во потполност е така 21 испитаници (53%),делумно 17 испитаници (42%) и воопшто не е така одговориле 2 ипитаници (5%). Анкетираните наставници во текот на реализација на часот користат илустрации и друг визуелен материјал, наставниците одговориле дека употребата на илустрациите и визуелната меморија кај учениците може да допринесе за зголемена ефикасност во нивното образование.

Графикон бр.11 **Примена на различни наставни методи и техники на учење**




Табела бр.11-а- **11. Примена на различни наставни методи и техники на учење**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 5 | 12 % |
| Во потполност е така | 35 | 88 % |

- Како што се гледа од графиконот и табелата за примена на различни техники и методи во потполност се согласуваат 35 ипитаници (88%), делумно 5 испитаници (12%) што значи поголемиот број од наставниците планираат и применуваат различни наставни методи и техники на учење, кои се условени од степенот на напредување на учениците. Може да се заклучи дека мнозинството од наставниците адекватно се прилагодува на работните услови сé со цел да се постигне оптимален резултат.

- **Следниот дел од истражувањето има за цел да ја испита структурата на учебникот и нејзиниот ефект врз наставата.**

Графикон бр.12 **Различно ниво на сложеност и тежина**




Табела бр.12-а **12.Различно ниво на сложеност и тежина**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 3 | 7 % |
| Делумно | 7 | 18 % |
| Во потполност е така | 36 | 75 % |

- Како што се гледа од графиконот и во табелата за сложеноста и тежина на учебникот поголемиот дел од наставниците односно од 36 ипитаници (75%) во потполно се согласуваат дека во секој учебник бараат задачи со различно ниво на сложеност и тежина со цел истите да одговараат на можностите на учениците.Делумно се изјасниле 7 испитаници (18%),воопшто не е така се изјасниле 3 ипитанци (7%).

Графикон бр.13 **Користење на учебникот за работа во различни организациони предмети на наставна работа**




Табела бр.13-а **13. Користење на учебникот за работа во различни организациони предмети на наставна работа**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 11 | 27 % |
| Во потполност е така | 29 | 73 % |

- За користање на учебникот во различни предмети се изјасниле 29 испитанци (73%),делумно се изјасниле 11 испитанци (27%) од наставниците што го користат учебникот за работа со учениците во различи организациони предмети на наставна работа. Заклучокот е дека покрај се, учебникот ја има централната улога во однос на останатите нагледни и помошни средства.

Графикон бр.14 **Диференцираност на учебникот**




Табела бр.14-а **14. Диференцираност на учебникот**

| Степен на согласување | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 4 | 10 % |
| Делумно | 21 | 52 % |
| Во потполност е така | 15 | 38 % |

- Од резултатите што се гледаат на графиконот и во табелата за диферинцираноста на учебникот делумно одговориле 21 ипитаници (52%) , во потполност е така 15 испитанци (38%) и што не се согласуваат 4 испитанци (10%). Заклучокот е дека одредени учебници немаат можности за диференцирана работа со ученици со различни достигнувања во учењето. Оваа констатација може да биде во полза на авторите на книгите, кои посериозно треба да се посветат на создавање учебници наменети за ученици со различно ниво на амбициозност.

Графикон бр.15 **Застапеност на активностите во учебниците**



Табела бр.15-а **15.Застапеност на активностите во учебниците**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 3 | 7 % |
| Во потполност е така | 37 | 93 % |

- Податоците од прашањето за застапеноста на активностите во учебникот како што се гледа од добиените резултати, од 40 испитаници 37 испитаници(93%) во потполност се согласуваат, а со делумно 3 испитаници (7%) што значи поголемиот дел од наставниците се согласуваат дека ги користат предвидените учебници и ги упатуваат сите ученици да ги изведуваат активностите кои се застапени во нив. Учебникот го зазема централното место при реализација на наставата, во прилог се користат и дополнителни надгледни средства.

Графикон бр.16 **Употреба на учебниците во воведниот дел од часот**




Табела бр.16-а **16.Употреба на учебниците во воведниот дел од часот**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 15 | 37 % |
| Делумно | 18 | 45 % |
| Во потполност е така | 7 | 18 % |

- Од прашањата за употребата на учебникот во воведниот дел на часот ги добивме следените резултати: делумно се изјасниле 18 испитаници (45%), воопшто не е така 15 испитаници (37%).Од анкетираните наставници, само 7 испитаници (18%)се изјаснија дека го користат учебникот во воведниот дел од часот,додека останатите или воопшто не се согласуваат со оваа констатација или вршат делумна употреба на учебникот во воведниот дел од часот.

Графикон бр.17 **Употреба на учебниците во централниот дел на часот**




Табела бр.17-а **17 .Употреба на учебниците во централниот дел на часот**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 14 | 35 % |
| Делумно | 16 | 40 % |
| Во потполност е така | 10 | 25 % |

- Од добиените податоци од прашањето за употребата на учебниците во централниот дел на часот како што се гледа од табелата делумно се изјасниле 16 испитанци (40%) воопшто не е така 14 испитаници (35%) и во потполност е така 10 испитаници (25%). Најголемиот број на анкетирани наставници делумно се согласуваат со констатацијата дека го употребуваат учебникот во централниот дел на часот.Ова се должи на природата на предметот кој го предаваат и од природата на лекцијата која се предава.

Графикон бр.18 **Употреба на учебниците во завршниот дел на часот**




Табела бр.18-а **18. Употреба на учебниците во завршниот дел на часот**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 11 | 27% |
| Делумно | 15 | 38% |
| Во потполност е така | 14 | 35% |

- Од добиените резултати може да заклучиме дека и тука мислењата на наставниците се поделени. Од испитаниците 11 од нив ( 27% )не се согласуваат со констатацијата дека го употребуваат учебникот во завршниот дел од часот. Делумно го користат 15 испитаници (38%) и во потполност е така 14 испитаници (35%) наставниците се согласуваат делумно или во целост, но преовладува мислењето на оние кои делумно се согласуваат со оваа коснтатација.

Графикон бр.19 **Проверка на податоците кои се наоѓаат во учебникот**




Табела бр.19-а **19.Проверка на податоците кои се наоѓаат во учебникот**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 2 | 5% |
| Делумно | 25 | 62 % |
| Во потполност е така | 13 | 33 % |

- Од добиените резултати во прашањето проверка на податоците кои се наоѓаат во учебникот делумно се изнјасиле 25 испитаници (62%), во потполност е така 13 испитаници (33%) и воопшто не е така 2 испитанци (5%). Во принцип се врши делумна проверка од други извори на податоците кои се наоѓаат во учебниците, односно тоа го прават 62% од анкетираните наставници,додека само 33% се изјасниле дека вршат проверки на податоците од учебниците.

- **Завршниот дел на истражувањето се однесува на моделите на работа во наставата и нивниот ефект врз учениците со различно ниво на напредок**

Графикон бр.20 **Модели на работа за активирање на ученици со побавно темпо на напредување во учењето**




Табела бр.20-а **20.Модели на работа за активирање на ученици со побавно темпо на напредување во учењето**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 15 | 37 % |
| Во потполност е така | 25 | 63 % |

- Во завршниот дел од анкетата кој се однесува за моделите на работа за активирање на ученици со побавно темпо во напредување, од анкетираните наставници ги добивме следниве резултати: како што се гледа во табелата од 25 наставници (63%) во потполност се согласуваат,делумно се согласуваат 15 испитаници (37%). Методите се различни кај секој наставник и се комбинација од работното искуство и теоретските познавања.

Графикон бр.21 **Модели на работа за активирање на ученици со побрзо темпо на напредување во учењето**




Табела бр.21-а **21.Модели на работа за активирање на ученици со побрзо темпо на напредување во учењето**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 15 | 37 % |
| Во потполност е така | 25 | 63 % |

- Како што се гледа од табелата 21-а и графиконот 21, од добиените резултати за прашањето модели на работа за активаирање на ученици со поберзо темпо на напредување во учењето од 40 испитаници 25 испитаници (63%) од испитаниците во потполност се согласуваат дека користат модели на работа со учебник за активирање на учениците со побрзо темпо на напредување во учењето, сé со цел да се постигне оптимален резултат.А делумно се согласуваат 15 испитаници (37%).

Графикон бр.22 **Почитување на методско-дидактички насоки**




Табела бр.22-а **22.Почитување на методско-дидактички насоки**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 2 | 5 % |
| Во потполност е така | 38 | 95 % |

- Од добиените резултати, од 40 испитаници 38 испитаници (95%) во потполност се согласуваат.Делумно 2 испитаници (5%).Овде постои скоро стопостотно тврдење за почитување на методско-дидактичките насоки кои ги содржи секој учебник, односно 95% одговориле позитивно во таа насока,бидејќи истите им служат како соодветен водич при реализација на наставата.

Графикон бр.23 **Употреба на примери**



Табела бр.23-а **23.Употреба на примери**

| Степен на согласување | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 0 | 0 |
| Делумно | 19 | 47 % |
| Во потполност е така | 21 | 53% |

-Од добиените резултати од 40 испитаници 19 испитаници (47%) делумно се согласуваат со оваа констатација, а во потполност е така од 40 испитаници 21 испитаници (53%). Примерите се користат за продлабочување на знаењата и за создавање на јасна слика на предадениот материјал.

Графикон бр.24 **Употреба на учебниците во домашната работа**




Табела бр.24-а **24.Употреба на учебниците во домашната работа**

| Степен на согласување | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 1 | 2 % |
| Делумно | 8 | 20 % |
| Во потполност е така | 31 | 78 % |

- Од добиените податоци како што се гледа на графиконот, од 31 испитаници најголемиот број од наставниците или 78% ги употребуваат учебниците како дел од домашната работа на учениците, 8 испитаници (20%) делумно ги употребуваат учебниците во домашната работа на учениците, а останатите 1 испитаник (2% ) не ги користат учебниците како дел од домашната работа на учениците.

Графикон бр.25 **Препорака за користење на учебникот**



Табела бр.25-а **25.Препорака за користење на учебникот**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Воопшто не е така | 14 | 35 % |
| Делумно | 7 | 17 % |
| Во потполност е така | 19 | 48 % |

- Од добиените резултати во завршниот дел од анкетата за прашањето користање на учебникот како што се гледа од графиконот 25 и табелата 25-а во потполност се согласуваат 19 испитаници (48%),а воопшто не е така се согласуваат 14 испитаници (35%), делумно 7 испитаници (17%).Што значи најголемиот дел од наставниците не ги користат учебниците во текот на изведување на наставата на школскиот час, туку им даваат препорака на учениците да учат од нив во домашни услови. Во текот на наставата наставниците претежно настојуваат да го пренесат своето знаење, а сметаат дека учебникот има за цел во домашни услови да им го потврди тоа и секако да им обезбеди дополнителни ифнормации.

## 1.2. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТИТЕ СО УЧЕНИЦИ

Овој анкетен лист има за цел да испита повеќе аспекти, како на пример каков е односот на учениците кон учебниците и учењето од нив и како ја разбираат содржината, илустрациите и прашањата во учебниците. Анкетниот лист е спроведен на примерок од 100 ученици.

### ➢ ОДНОС КОН УЧЕБНИЦИТЕ

Целта на овој дел од истражувањето е да се дојде до сознание дали учениците ги имаат сите потребни учебници, дали кај нив постои интерес да добијат повеќе информации за материјата за која немаат доволно познавања, колку често ги користат учебниците и по кој предмет најмногу ги користат истите.

Графикон бр.1 **Дали ги имате сите потребни учебници ?**




Табела бр.1-а **1.Дали ги имате сите потребни учебници ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 37 | 37% |
| Делумно | 25 | 25% |
| Не | 38 | 38% |

- Во однос на ова прашање, преовладува ставот „делумно“, што значи дека ученикот има или нема учебник зависи од природата на предметот за кој станува збор.

Графикон бр.2 **Дали често ги разгледувате учебниците и она што не сте го научиле ?**




Табела бр.2-а **2.Дали често ги разгледувате учебниците и она што не сте го научиле ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 100 | 100 % |
| Делумно | 0 | 0 |
| Не | 0 | 0 |

- Сите ученици, во потполност се согласуваат дека го разгледуваат материјалот од кој немаат никакви познавања или пак сакаат да ги продлабочат познавањата кои ги имаат од тој материјал, но до тој момент го немале како дел од тековната настава.

Графикон бр.3 **Дали често ги користите учебниците ?**




Табела бр.3-а **3.Дали често ги користите учебниците ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 100 | 100 % |
| Делумно | 0 | 0 |
| Не | 0 | 0 |

- И тука учениците во целост се согласуваат,односно 100% од учениците се изјаснија дека често ги користат учебниците. Заклучокот е дека во нашите училишта учебникот е неопходна и важна компонента за наставно образовниот процес.

Графикон бр.4 **По кој предмет најчесто го користите учебникот на час ?**




Табела бр.4-а **По кој предмет најчесто го користите учебникот на час ?**

| **Предмет** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Математика | 75 | 75 % |
| Албански јазик | 25 | 25 % |

- На ова прашање се добиени следните резултати,односно75% од учениците најмногу го користат учебникот на часот по математика, а 25% од нив најмногу го користат учебникот по Албански јазик

## ➢ ОДНОС КОН УЧЕЊЕТО ОД УЧЕБНИК

**Во овој дел целта на истражувањето е да се добие сознание за тоа што учениците сакаат најмногу да учат, што е тоа што најмногу им се допаѓа во учебникот,дали им е полесно да учат во домашни услови или пак во училишни,дали им е потребна помош од друга лице при употребата на учебникот и кој учебник им се допаѓа најмногу, а кој најмалку.**

Графикон бр.5 **Што најмногу сакате да учите ?**




Табела бр.5-а **5.Што најмногу сакате да учите ?**

| **Предмет** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Математика | 87 | 87 % |
| Физичко образование | 13 | 13 % |

- Математиката претставува најомилен предмет на учениците, иако постојат некои предрасуди дека математиката некако не е баш омилен предмет,сепак во ова истражување се покажа дека дури 87% од учениците најмногу ја сакаат математиката,додека 13% се изјасниле дека физичкото образование е школската активност која најмалку ја сакаат.

Графикон бр.6 **Што повеќе Ви се допаѓа кај учебниците ?**




Табела бр.6-а **6.Што повеќе Ви се допаѓа кај учебниците ?**

| **Понудени содржини** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Текстот | 32 | 32 % |
| Сликите | 35 | 35 % |
| Илустрациите | 33 | 33 % |

- Учениците подеднакво ги сакаат текстот, сликите и илустрациите. Сите тие имаат големо влијание врз квалитетот на наставата и врз квалитетот на стекнатото образование,што всушност треба да биде индикатор во иднина за изработка на учебниците,барем за возраста на која е извршено ова истражување.

Графикон бр.7 **Дали Ви е полесно да учите дома од учебниците после часови ?**




Табела бр.7-а **7.Дали Ви е полесно да учите дома од учебниците после часови ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 25 | 25 % |
| Делумно | 50 | 50 % |
| Не | 25 | 25 % |

- Најголемиот дел од учениците,односно 50% од нив се изјаснија дека најлесно им е да учат во текот на наставниот час. Оваа навика треба да се одржи, но сепак пожелно е употребата на учебникот да не се темели само на час.Пожелно е тоа да биде и вон школските активности и амбиентот во училиштето, и учењето во домашни услови секако дека има огромно влијание во совладување и примена на наученото.

Графикон бр.8 **Дали Ви треба помош во учењето од учебник ?**




Табела бр.8-а **8.Дали Ви треба помош во учењето од учебник ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 100 | 100 % |
| Делумно | 0 | 0 |
| Не | 0 | 0 |

- На сите ученици потребна им е помош при користење на учебникот.Авторите на учебниците пожелно е да обрнат повеќе внимание на овој резултат, бидејќи за секој ученик подобро е доколку тој умее самостојно да го користи учебникот,односно учебникот да му претставува водич во непознатото.

Графикон бр.9 **Кој учебник Ви се допаѓа најмногу ?**




Табела бр.9-а **9.Кој учебник Ви се допаѓа најмногу ?**

| Предмет | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Математика | 50 | 50 % |
| Македонски јазик | 50 | 50 % |

- Овде постои подеднаква поделеност во мислењата,односно од вкупниот број на анкетирани ученици 50 % се изјаснија дека најмногу го сакаат учебникот по математика, а останатите учебникот по македонски јазик.

Графикон бр.10 **Кој учебник не Ви се допаѓа многу ?**




Табела бр.10-а **10.Кој учебник не Ви се допаѓа многу ?**

| Предмет | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Физичка култура | 100 | 100 % |

- Сите ученици се едногласни во мислењето дека учебникот по физичка култура не им се допаѓа во целост.Авторите на овој учебник потребно е да обрнат повеќе внимание на причините зошто е тоа така.

## ➢ НАЧИНИ НА УЧЕЊЕ ОД УЧЕБНИК

**Овој дел од анкетата го испитува начинот на кој учениците учат од учебникот,односно дали им е потребна дополнителна полмош за оразјаснување на материјата, како учениците учат од учебникот,на кој начин го искажуваат наученоит материјал и каква реакцијата на наставникот во однос на наученоит материјал.**

Графикон бр.11 **Дали полесно учите откако наставникот ќе Ви објсни или кога учите само од учебникот ?**




Табела бр.11-а **11.Дали полесно учите откако наставникот ќе Ви објасни или кога учите само од учебникот ?**

| Понудени констатации | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| По објаснување на наставникот | 88 | 88 % |
| Самостојно читање од учебникот | 12 | 12 % |

- Најголемиот дел од учениците полесно го разбираат и го учат материјалот, откако наставникот ќе изврши усна презентација на часот, бидејќи наставникот го предава материјалот на начин кој е најразбирлив за учениците и на начин кој е прилагоден на нивното интелектуално ниво. Усната презентација има простор и за решавање на нејаснотии и дополнителни прашања.

Графикон бр.12 **Како учите од учебникот ?**



Табела бр.12-а **12.Како учите од учебникот ?**

| Понудени констатации | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Читате дел по дел, потоа раскажувате | 37 | 37 % |
| Неколку пати ја читате лекцијата, потоа ја раскажувате | 50 | 50 % |
| Ја читате еднаш лекцијата, потоа ја прераскажувате | 7 | 7 % |
| Некој друг Ви чита, а потоа Вие ја прераскажувате | 3 | 3 % |
| Вие ја читате лекцијата, а друг Ви ја објаснува | 3 | 3 % |

- Најголемиот дел од учениците,односно 50% од нив неколку пати ја читаат лекцијата, па потоа ја раскажуваат, бидејќи според нив тоа е најдобриот начин за разбирање и учење на лекцијата.Само 37% одговориле дека читаат дел по дел и потоа раскажуваат,што всушност претставува показател дека можеби учениците треба во зависност од предметот кој го учат да применуваат повеќе различни методи на учење.

Графикон бр.13 **Дали учите сé по ред од учебникот /напамет/или раскажувате со свои зборови ?**




Табела бр.13-а **13.Дали учите се по ред од учебникот /напамет/ или раскажувате со свои зборови ?**

| Понудени констатации | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Напамет | 50 | 50 % |
| Со свои зборови | 50 | 50 % |

- Подеднаков е бројот на учениците кои учат напамет и на оние кои наученото го раскажуваат со свои зборови. Наставникот треба да применува методи кои ќе го поттикнат ученикот самостојно да носи заклучоци за научениот материјал,да поттикнуваат креативност,критичност во мислењата, а не истиот да го учи напамет, бидејќи таквиот начин на учење може да има негативни последици. Пред се ученикот не го разбира материјалот во целост и неговото внимание е насочено кон буквално паметење на материјалот и визуелно меморирање, а не разбирање на суштината. Од друга страна материјалот научен напамет има краткорочен карактер, бидејќи се потиснува од следниот научен материјал напамет.

Графикон бр.14 **Како реагира Вашата наставничка кога знаете се напамет што има во учебникот ?**




Табела бр.14-а **14.Како реагира Вашата наставничка кога знаете се напамет што има во учебникот ?**

| **Понудени констатации** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Ве пофалува | 0 | 0 |
| Ви бара да објасните без учебник | 100 | 100 % |
| Ви замерува што не знаете како точно пишува во учебникот | 0 | 0 |

- Констатацијата е дека наставниците не го поддржуваат учењето на материјалот напамет,што секако е за поддржување.Секој ученик треба да се форсира да ја разбере суштината на материјалот, а не да се концентрира на учење на памет.

## РАЗБИРАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ВО УЧЕБНИЦИТЕ

**Овој дел од анкетата има за задача да донесе заклучок дали материјалот кој се наоѓа во улебниците е доволно јасен, дали се користат разбирливи зборови и од каде учениците бараат помош доколку имаат нејасни зборови.**

Графикон бр.15 **Дали при читање на материјалот, истиот во потполност Ви е јасен ?**




Табела бр.15-а **15.Дали при читање на материјалот, истиот во потполност Ви е јасен ?**

| Понудени констатации | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Да | 100 | 100 % |
| Не | 0 | 0 |

- Ниту еден ученик не се среќава со потешкотии, при читање на материјалот. Стилот на пишување на авторите е разбирлив, читлив и прилагоден на развојното и интелектуално ниво на учениците.

Графикон бр.16 **Дали во учебникот има зборови кои не Ви се јасни и не ги разбирате ?**



Табела бр.16-а **16.Дали во учебникот има зборови кои не Ви се јасни и не ги разбирате ?**

| Понудени констатации | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Да | 40 | 40 % |
| Понекогаш | 60 | 60 % |
| Нема | 0 | 0 |

- 60% од учениците понекогаш при читање на материјалот се соочуват со нејасни и неразбирливи зборови,а што всушност укажува на тоа дека при изготвување на учебникот треба многу да се внимава на речникот и на фондот на зборови кој се употребува,а во согласност со возраста за која е тој наменет.

Графикон бр.17 **Од кого барате помош кога нешто не Ви е јасно во учебникот ?**




Табела бр.17-а **17.Од кого барате помош кога нешто не Ви е јасно во учебникот ?**

| Понудени констатации | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Од наставникот | 100 | 100 % |
| Од родителите | 0 | 0 |
| Од другарчињата | 0 | 0 |

- Сите ученици одговорија дека при наидување на тешкотија во материјалот кој се наоѓа во учебникот, помош бараат од својот предметен наставник,што мене всушност ми е навистина чудно,да ниту едно дете не бара помош од родител,бидејќи во секојдневната пракса наидуваме на поинакви состојби...

## ➢ РАЗБИРАЊЕ НА ИЛУСТРАЦИИТЕ ВО УЧЕБНИЦИТЕ

**Преку добиените одговори може да се создаде јасна слика за тоа што учениците мислат за илустрациите и сликите кои се наоѓаат во учебниците, како тие им помагаат во разбирање на лекцијата и дали истите им се допаѓаат.**

Графикон бр.18 **Дали сликите и илустрациите во учебникот Ви помагаат да го разберете текстот ?**




Табела бр.18-а **18.Дали сликите и илустрациите во учебникот Ви помагаат да го разберете текстот ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 100 | 100 % |
| Делумно | 0 | 0 |
| Не | 0 | 0 |

- Сите ученици се согласуваат со констатацијата дека сликите и илустрациите кои се наоѓаат во учебникот им помагаат подобро да го разберат текстот. Оваа практика треба да се применува и во иднина, бидејќи носи позитивни резултати.

Графикон бр.19. **Дали знаете да ја раскажете лекцијата, доколку ја гледате сликата/илустрацијата ?**



Табела бр.19-а **19.Дали знаете да ја раскажете лекцијата, доколку ја гледате сликата/илустрацијата ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 25 | 25 % |
| Делумно | 50 | 50 % |
| Не | 25 | 25 % |

- Најголемиот дел од учениците делумно се согласуваат со оваа констатација, во одредени случаи сликата/илустрацијата може да им помогне да ја раскажат лекцијата, но во одредени случаи не може. Се зависи од видот на материјата.Во зависност од предметот за кој е наменет учебникот,би требало да зависи и присутноста на илустрациите или сликите во учебникот.

Графикон бр.20 **Дали Ви се допаѓаат илустрациите ?**




Табела бр.20-а **20.Дали Ви се допаѓаат илустрациите ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 32 | 32 % |
| Делумно | 50 | 50 % |
| Не | 18 | 18 % |

- Најголемиот дел од учениците делумно ги сакаат илустрациите и сликите, освен оние кои немаат дополнително објаснување со текст.18% од учениците се изјасниле дека воопште не им се допаѓаат илустрациите,а пак 32% дека навистина им се допаѓаат оние илустрации кои ги имаат учебниците.

## РАЗБИРАЊЕ НА ПРАШАЊАТА ВО УЧЕБНИЦИТЕ

**Во последниот дел се испитува мислењето на учениците во врска со прашањата кои се наоѓаат во учебниците и се поврзани со материјалот. Целта е да се добијат податоци за тоа каков вид на прашања ќе обезбедат најголема ефективност и ефикасност.**

Графикон бр.21 **Дали Во учебниците има прашања кои не ги разбирате и на кои не можете да одговорите ?**




Табела бр.21-а **21.Дали Во учебниците има прашања кои не ги разбирате и на кои не можете да одговорите ?**

| **Степен на согласување** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 90 | 90 % |
| Делумно | 7 | 7 % |
| Нема | 3 | 3 % |

- 90% се соочуваат со нејасни прашања, но истите ги надминуваат со помош на предметниот наставник.

Графикон бр.22 **Во кој учебник најчесто не ги разбирате прашањата ?**



Табела бр.22-а **22.Во кој учебник најчесто не ги разбирате прашањата ?**

| Понудени констатации | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Албански јазик | 70 | 70% |
| Македонски јазик | 30 | 30% |

- 70% од учениците се изјасниле дека не ги разбираат прашањата во учебникот по албански јазик,а за учебникот по македонски се изјасниле 30% од учениците. Овој податок може да послужи како препорака до авторите, во иднина да внимаваат при подготовката на учебниците и да се елиминира оваа потешкотија.

Графикон бр.23 **Опишете какви сакате да бидат прашањата/задачите во учебниците ?**




Табела бр.23-а **23.Опишете какви сакате да бидат прашањата/задачите во учебниците**

| Понудени констатации | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Добри | 32 | 32 % |
| Кратки | 33 | 33 % |
| Јасни | 35 | 35 % |

- На учениците подеднакво им е важно прашањата во учебниците да бидат добри,кратки и јасни.Ова всушност е показател дека треба многу да се внимава при формулирање на прашањата во учебникот да бидат кратки,јасни,концизни и се надевам дека на тој начин многу полесно ќе им биде на учениците да се снајдат во учебникот,било да учат од него или да одговараат на прашањата.

Графикон бр.24 **Кој учебник најмногу Ви се допаѓа ?**



Табела бр.24-а **24.Кој учебник најмногу Ви се допаѓа ?**

| **Понудени предмети** | **Број на испитаници** | **%** |
|---|---|---|
| Математика | 32 | 32 % |
| Македонски јазик | 35 | 35 % |
| Албански јазик | 33 | 33 % |

- Учениците најмногу ги сакаат учебниците по Математика, Македонски и Албански јазик.Според одговорите на ова прашање,можеби треба да се запрашаме зошто пак другите предмети односно учебници не доминираат,и не им се омилени на учениците.

# заклучок:

1.Од ставовите и мислењата со интервјуто од учениците дојдовме до следните заклучоци . Учениците во последните години во воспитно-образовниот систем скоро сите ги имаат потребните учебници освен некои предмети што ги добиваат со задоцнување од Министерсвото за образование.Често ги разгледуваат и учебниците од каде немаат познавање заради љубопитноста што ќе научат понатаму или кога сакаат да читаат нешто посебно.Користат учебници затоа што целиот образовен систем е во учебници- сметат учениците . Повеќе го користат Македонскиот јазик , Математика, Албанскиот јазик, затоа што имаат задачи,активности,читање,пишување,раскажување.
2. На учениците повеќе им се допаѓаат текстот,илустраците,сликите.После часови да учат од учебник им се допаѓа на голем број од учениците,другите сакаат да учат во текот на наставниот час од учебник.На сите ученици за да учат од учебник потребна им е помош.Повеќе го сакаат учебникот од Математика и Македонски јазик.Учебникот од физичко образование не го сакаат бидејќи тој предмет го сметаат како да е активност,а не и да седат да учат.
3.Начинот од кој учениците учат од учебник е, со читање од наставникот полесно го разбираат и го учат материјалот или откако наставникот ќе изврши усна презентација на часот.Самостојното читање ретко го практикуваат.Усната презентација игра улога за решавање нејаснотиа и за дополнителни прашања.Учениците од учебник некогаш учат дел по дел па потоа раскажуваат.Ја читаат лекцијата неколку пати потоа раскажуваат.Ја читаат еднаш лекцијата па потоа прераскажуваат.Мал број од учениците сакаат некој друг да чита, а тие да ја раскажуваат или оние да читаат па други да објаснуваат.Всушност ова претставува показател дека учениците треба во зависност од предметот кој го учат да применуваат различни методи на учење .Учениците го сакаат и учењето по ред и да раскажуваат со свои зборови.Наставниците бараат објаснување од учебник долготрајно учење, а не учење на памет,затоа учениците треба да се форсираат да ја разберат суштината на материјалот, а не да се концентрираат на учење на памет.
4.За разбирање на содржините во учебниците,дали доволно се јасни, до колку не ги разбираат бараат помош. Учениците бараат помош од наставникот што укажува дека учебникот треба да биде во согласност со возраста за кој тој е наменет.Или при наидување на тешкотии во материјалот кој се наоѓа во учебникот пак, помош бараат од својот предметен наставник, а од другарите не сакаат да бараат помош.Помош не бараат ни од родителите,сигурноста ја наоѓаат кај наставникот .
5.Со прашањата во учебникот дали ги разбират, учениците одговориле дека имаат тешкотии.Повеќе им е тешко по мајчин јазик (Македонски и Албански јазик), зашто има нови зборови нејасни за возраста на ученикот.Прашањата ги сакаат кратки, лесни и коцизни за да им биде полесно да разберат што се бара во текстот.Од учебниците што го сакаат учениците е учебникот по Математика,Македонски јазик и Албански јазик.Овие учебници ги сакаат повеќе можеби зашто доминираат повеќе и имаат повеќе часови во неделата.
6.Разбирање на илустраците-Учиниците одговарат дека се согласуват со и.устрациите, сликите кои се наоѓаат во учебниците зашто им помага подобро и полесно да го разберат текстот;преку нив можат да раскажат со свои зборови полесно.Има и ученици што имаат тешкотии со раскажувањето со илустрации и ученици што не знаат да раскажуваат со илустрациите и барат помош од наставникот.Најголем дел од учениците и одговориле

какви илустрации,слики сакаат да има во учебникот. Некои бараат со темна боја,некои со светла боја,да имаат повеќе бои и да бидат јасни за разбирање.

# IV. Заклучни согледувања

Од обработката на податоците и од анкетирањето со наставниците можеме да ги извлечеме следните заклучоци.

ХИПОТЕЗА-1:Наставниците имаат изградени критериуми за избор на учебниците. Во ова прашање во предвид се земаат повеќе параметри : консултација со колегите, популарноста на авторот на учебникот,сугестија на соодветен советник, сугестија на директорот и стручната служба на училиштето . Според параметрот:популарноста на авторот на учебникот - од 40 анкетирани, 25 анкетирани (62%) сметаат дека воопшто не е така, 9 анкетирани (23%) делумно се согласуваат, а 6 анкетирани (15%) сметаат дека хипотезата во потполност се потврдува .Ставот на наствниците е дека изборот за учебникот не го вршат според попупнарноса на авторот,односно тоа го прават врз основа на други критетиуми .Според параметрот :врз сугестијата на советниците од 40 анкетирани, 30 анкетирани (75%) сметаат дека сугестија на советникот нема значително внимание во изборот на учебникот,9 анкетирани (22%) делумно се согласуваат,1 анкетиран (3%) одговорил дека во потполност е така.И овде се потврдува предходната констатација дека одлука за избор на учебникот се носи врз основа на изградниот став на наставникот.Според сугестијата на директорот и стручната служба,од 40 анкетирани 27 анкетирани (67%) одговориле дека воопшто не е така ,12 анкетирани (30%) делумно се определиле, а 1 анкетиран (3%) во потполност се согласува. Што значи и хипотезата се потвердува и во 1,2,3 параметар дека наставниците одлучуваат сами за избор на учебникот без големо влијание од страна на советниците, авторот , директорот и стручната служба во училиштето.

ХИПОТЕЗА-2:Мотив за избор на учебник од страна на наставниците со дефинираните цели што треба да се реализира во наставата, а ги содржи наставната програма е потврдено во првото прашање од анкетниот лист,каде од 40 анкетирани (90%) во потполност се согласуваат со консултацијата бидејќи годишните планови и програми не можат да се планираат без учебник со кој ќе се реализира наставата ,4 анкетирани (10%)делумно се согласуваат ,а воопшто не е така никој не одговорил.Од ова заклучуваме дека хипотезата е потврдена.

ХИПОТЕЗА-3:Наставниците сметаат дека учебниците се прилагодени на специфичната природа и карактер на целите на секој наставен предмет ,односно во прашањето 12 и 13 од анкетниот лист. Од прашањето 12 имено од 40 анкетирани од анкетниот лист 3 анкетирани (7%) воопшто не се сложуваат,од 40 анкетирани 7 анкетирани (18%) делумно се согласуваат, а во потполност се изјасниле од 36 анкетирани (75%)кои сметаат дека учебниците се прилагодени на специфичната природа и каракетер на секој наставен предмет. Според овие резултати хипотезата е пртврдена,а исто така во прилог на оваа хипотеза одат и податоците од прашањено 13 од анкетниот лист.Со добивањето на податоците за организирањето на различни наставни форми за секој наставен предмет, голем процент од анкетираните во потполност се согласуват-Од 40

испитаници, 29 анкетирани (75%) што покажува дека хипотезата се пертврдува,делумно се одлучуле вкупно 11 анкетирани (27%). Според ова утврдваме дека наставниците се трудат за секој наставен предмет да организираат разни наставни форми за работа,и учебникот да биде со сложна тежина за различно ниво на возраста на учениците.

ХИПОТЕЗА-4:Наставниците ја користат методско-дидатичката апаратура на учебниците почитувајќи го темпото и динамиката на напредување во учењето од страна на учениците.Хипотезата се потврдува во 21 и 22 прашање од анкетниот лист.Во прашањето 21 од анкетниот лист за користење на методско-дидатички насоки,постои скоро стопостотно тврдење од 40 анкетирани 33 анкетирани (95%) одговориле дека во потполност се согласуват во та насока,бидејќи истите им служат како соодветен водич при реализација на наставата со цел да се постигнат оптимални резултати во наставата. Во прашањето 22 од анкетниот лист поголем дел од анкетираните, односно од 40 анкетирани 25 анкетирани (63%) во потполност се согласуваат дека користат апаратура на работа со учебник за активарање на учениците со побрзо темпо на напредување во учењето сé со цел да се постигнат задоволителни резултати,а од 40 анкетирани 15 анкетирани (37%) делумно се согласуват со ова.

ХИПОТЕЗА-5:Постојат разлики во моделите во примена на учебниците во зависност од природата на наставниот предмет.Со прашањето 13 во анкетниот лист, хипотезата се потврдува со степен на согласување- од 40 анкетирани , 29 анкетирани (73%)во потполност се согласуваат дека го користат учебникот за работа со учениците во различни организациони предмети на наставната работа.Делумно се изјаснија 11 анкетирани (27%) што покажува дека учебникот ја има ценралната уллога во однос на останатите нагледни и помошни средства, во завистност од природата на наставниот предмет.

ХИПОТЕЗА-6:Наставниците имаат објективни сознанија за факторите и пречките кои влијаат врз применување на учебниците . Ова е потврдено со прашањео 23,24од анкетниот лист, и тоа за употребата на примери во потполност се согласуваат од 40 анкетирани 21 анкетирани (53%), делумно за применувањето на учебникот се изјасниле 19 анкетирани (47%).Во прилог во ова одат и податоците од прашањето 24 за применување на учебниците за домашна работа од анкетниот лист- во потполност е така се изјасниле 31 анкетирани (78%), а делумно 8 анкетирани (20%) воопшто не е така 1 анкетиран (2%) што значи хипотезата е потврдена во потполност

ХИПОТЕЗА-7:Наставниците ги индетификуваат факторите и причините врз примена на учебниците во различини организациони етапи на часот.Хипотезата делумно е потврдена според резултатите од прашањата 16,17,18 Според добиените резултати од прашањето 16 од анкетниот лист од 40 анкетирани 15 анкетирани (37%) се изјасниле

дека воопшто не е така,со делумно се изјаниле 18 од 40 анкетирани (45%), а во потполност е така се изјасниле од 40 анкетирани 7 анкетирани (18%) .На 17 прашање од 40 анкетирани, воопшто не е така се изјасниле 14 анкетирани (35%), делумно 16 анкетирани (40%),а во потполност е така 10 анкетирани (25%)- хипотезата е потврдена бидејќи голем број на анкетираните наставници делумно се согласуваат со констатацијата дека го употребуваат учебникот во централниот дел на часот .Ова се должи на природата на предметот кај кој го предаваат и од лекцијата која се предава. За употребата на учебникот во завршниот дел на часот, 18[то] прашање, од 40 анкетирани 11 анкетирани(27%) се изјасниле дека воопшто не е така, од 40 анкетирани 15 анкетирани (38%) делумно се согласуваат, а од 40 анкетирани 14 анкетирани (35%) се изнјасиле дека во потполност е така.И овде мислењата на наставниците се поделени.Од овие резултати констатираме дека според мислењата на наставниците хипотезата делумно е потврдена затоа што наставниците се должни да ја распоредат етапата во наставата во кој дел од часот ќе го употребат учебникот - во воведниот дел , централниот или завршниот дел.

## ВИ. *Литература:*


1. Алфред . Ј. А. (1963): *Проблем сазнања,* Београд, Нолит.
2. Адамческа С.( 1996): *Активна настава,* Скопје, Легис.
3. Андонова-М. Т. (2006): *Функции на учебникот во планирањето на наставата*: *Образовни рефлексии*, Скопје (бр. 3-4)
4. Андрилович В., Цудина М. (1985): *Психогија учења и наставa*, Загреб, Школска Книга.
5. Богнар Л., Матиевиќ М. (2002) *Дидактик*, Загреб, Школска књига.
6. Вилотиевиќ М. (2000): *Дидактика 3 Организација наставе,* Београд , Учитељски факултет.
7. Вукашевич, А. (1998) *Педагогија,* Загреб, Школска Книга.
8. Вученов, Н. (1970) *Место и функције уџебника у процесу школске наставе и учења,* Београд, Завод за издавање Уџебника.
9. Gallagher D. I. (1962) *The Achievement of Jacques and Raïssa Maritain: A Bibliograph.*
10. Дамјановски А. (1970) *Функцијата и физиономијата на учебникот во современата наставе*, Београд, Савремени учбеник.
11. Дамјановски А.(1989) *Ученикот во наставата,* Скопје, Просветно дело.
12. Дамјановски А (1990). *Местото и карактерот на учебникот во современи услови.* Скопје, Просветно дело.
13. Емерлаху, Д. (1997) *Основи на методиката на воспитната работа.* Приштина, Рилиндја,
14. Фолет П. (1918*): Новиот стаж.* Лондон
15. Richaudeau, Ф. (2004): *Methode de lecture rapide.* Retz.
16. Зајази Т. (2003): *Методологија напредавње и учење.*Тетово, Арбериа Дизајн
17. Зилфиу Н. (1999): *Општа Дидактика.* Приштина, Рилиндја.
18. Група автори, (2000) *Вовед и теоретски основи,*Скопје, Просветно дело,
19. Лее G., Oter И. (1955) *Text material in modern education.* Ilinois Universiti of Ilionis Press, Urbana.
20. Илиевски А. (1998) *Дидактички опсервации*, Скопје, Просветно дело.
21. Johnson, D. Johnson, R. (1999): *Learning together and alone: cooperative, competitive, and individualistic learning.*Boston: Allyn and Bacon.
22. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, *биро за развој на образованието,* Февруари, 2007,Скопје.
23. Јохнсон. А. Л. (2002): *Теацхинг оутсиде. Јоcess Басс. УСА.*
24. Макazлиева Е. (1995): *Прашањата, задачите, вежбите како дидактички компоненти во учебниците за одделенска настава*; Скопје, Просветно дело,
25. Мурати Џ. (2002): *Дидактика, методологија на настава.* Тетово, Чабеј.
26. *Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи,* Министерство за образование и наука на Р.М.
27. Ничковиќ Р. (1970): *Теоретски и методски аспект стварања, проценувања, проучавања учебника литературе:* Београд, Савремени учбеник,

28. Ничковиќ Р. (1977): Уџебник као предмет научних истажувања, *:* Београд, Савремени учбеник
29. Woolfolk, A. (2001). *Educational psychology*. Boston: Allyn and Bacon. (ova kaj V)
30. Османи, Ф. (2010). *Систем на вреднување во функција на образовниот процес (Докимологија)*. Тетово, Лума.
31. Петревски Б. (194) *Структура на учебникот,*Скопје , Просветно дело,
32. Пешиќ, Ј. (1998) *Нови приступ структури уџбеника: Теоријски принципи и конструкцијска решења*, Београд, Завод за уџбенике и наставна средства.
33. Пољак, В. (1988): *Дидактичко обликување уџбеника и приручника*, Загреб, Школска Књига,
34. Предлог за донесување на закон за учебниците за основното и средното образование, Славица Грковска. Скопје (2010)
35. Прешева, А. (1997): *Филозофија на јазикот*. Приштина, Рилинџа.
36. Криег Р. А, Гуардини Р (1997)*: А Прецурсор оф Ватицан ИИ*. Университѕ оф Нотре Даме Пресс (1997)
37. Митревска Андонова Д. (2006), *Образовни Рефлекси*, Скопје. Биро за Развој за Образованието бр.3-4
38. Трнавац, Н., Ѓорѓевич, Ј. (1998)*Педагогија,* Београд: Научна књига комерц.
39. Христова, Д. (2002) *Педагошкото водство во основните училишта.* (Необјавено дело- Доктоска дисертација)Скопје.
40. Шимлеша, П. (1983) *Дидактика*. Приштина, Рилинџа.
41. Шуклев Б. (1993) *Менаџмент.* Скопје, Просветно дело.
42. www.dubrevsk.Ir.htm
43. www.wikipedia.org
44. www.unite.edu.mk
45. www.ukim.edu.mk
46. www.mon.gov.mk

# v. Прилози

## ПРИЛОЗИ

Прилог број 1.

Анкетен лист- Скалер за наставниците од основните училишта

Почитувани наставници

Како што ви е познато учебникот е главна компонента за реализација на воспитниот образовен процес. Целта на ова истражување е да се приберат податоците за вашето мислење и ставови во врска со моделите на користење на учебниците во различни наставни предмети и програмски подрачја.

Ве молиме најискрено да одговорите на поставените прашања

Вашите одговори имаат непроценлива вредност за проучување на нашата наставна практика

Анкетата е анонимна

Ви благодариме на соработката

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. Основно училиште ______________________________________________
2. Место ___________________________________
3. Години на работно искуство во образованието _____________
4. Степен на образование: а) средно  б) више   в) високо
5. Датум ________________

1- Во општо не е така
2- делумно
3- во потполност е така

| | Констатации | В.н.е.т 1 | Дел. 2 | в.п.е.т 3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Наставните часови ги планирам и реализирам за постигнување на целите од наставната програма за секој наставен предмет со користење на соодветен учебник | 1 | 2 | 3 |
| 2 | Изборот на учебниците го вршам во договор со останатите колешки и колеги | 1 | 2 | 3 |
| 3 | Изборот на учебници го вршам според популарноста на авторот на учебникот | 1 | 2 | 3 |
| 4 | Изборот на учебници го вршам според сугестија на соодвете советник | 1 | 2 | 3 |
| 5 | Изборот на учебници го вршам според сугестија на директорот и стручната служба во училиштето | 1 | 2 | 3 |
| 6 | За реализација на секој час користам стручна литература, интернет и други извори | 1 | 2 | 3 |
| 7 | За подготовка и реализација на секој час користам и соодветен учебник | 1 | 2 | 3 |
| 8 | Учебниците ги користам за да бидам сигурна/сигурен дека ќе обезбедам квалитетен час и остварување на поставените оперативни цели на часот | 1 | 2 | 3 |
| 9 | Во текот на реализацијата на часот користам текстови и дидактичка апаратура | 1 | 2 | 3 |
| 10 | Во текот на реализацијата на часот користам илустрации и друг застапен визуелен материјал | 1 | 2 | 3 |
| 11 | Планирам и применувам различни наставни методи и техники на учење кои се условени од степенот на напредување на учениците | 1 | 2 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Во секој учебник барам и наоѓам задачи со различно ниво на сложеност и тежина за да одговараат на можностите на учениците | 1 | 2 | 3 |
| 13 | Учебникот го користам за работа на учениците во различни организациони предмети на наставна работа | 1 | 2 | 3 |
| 14 | Некои учебници немаат можности за диференцирана работа со ученици со различни постигања во учењето | 1 | 2 | 3 |
| 15 | Во наставата ги користам предвидените учебници и ги упатувам сите учениците да изведуваат активности кои се застапени во нив | 1 | 2 | 3 |
| 16 | Учебниците ги користам во воведниот дел на часот | 1 | 2 | 3 |
| 17 | Учебниците ги користам во централниот дел на часот | 1 | 2 | 3 |
| 18 | Учебниците ги користам во завршниот дел на часот | 1 | 2 | 3 |
| 19 | Од учебниците користам податоци кои претходно ги проверувам од други извори | 1 | 2 | 3 |
| 20 | Користам модели на работа со учебник за активирање на учениците со побавно темпо на напредување во учењето | 1 | 2 | 3 |
| 21. | Користам модели на работа со учебник за активирање на учениците со побрзо темпо на напредување во учењето | 1 | 2 | 3 |
| 22. | Ги почитувам методско-дидактичките насоки кои ги содржи секој учебник | 1 | 2 | 3 |
| 23. | Во текот на часот ги користам примерите кои се дадени во учебниците | 1 | 2 | 3 |
| 24 | Учебниците ги користам за давање домашна работа која треба да ја изработат учениците | 1 | 2 | 3 |
| 25. | На час не користам учебници туку им ги препорачувам на учениците да учат од нив дома | 1 | 2 | 3 |

## Прилог број I I.

### Протокол
**за интервју на фокус група ученици од четврто одделение**

***Општи податоци:***
1. Основно училиште ______________________________________________
2. Место_________________________________
3.Датум ___________________________
4.Водител на интервју: Самија Алили
5.Записничар: Мирсаде Идризи

| **Фокусни точки на интервјуто** | **Дескриптор на иницијални прашања** | **Директни наводи** |
|---|---|---|
| *1. Однос кон учебниците* | а)Дали ги имате сите потребни учебници? | |
| | б)Дали често ги разгледувате учебниците и она што не сте го учеле? | |
| | в)Дали често ги користите? | |
| | г)По кој предмет најчесто го користите учебникот на час? | |
| *2. Однос кон учењето од учебник* | а)Што најмногу сакате да учите?<br>-омилени предмети<br>-сакани активности | |
| | б)Што повеќе ви се допаѓа кај учебниците?<br>- текстот/за да читате<br>- сликите и илустрациите | |
| | в)Дали ви е полесно да учите дома од учебниците после часовите? | |
| | г)Дали ви треба помош во учењето од учебник? | |
| | д)Кој учебник најмногу ви се допаѓа и зошто? | |

| | | |
|---|---|---|
| | ѓ)Кој учебник не ви се допаѓа многу? | |
| 3.*Начини на учење од учебник* | а)Опишете дали полесно учите од учебникот откако Н ке ви објасни или кога учите само од учебникот? | |
| | б)Како учите од учебникот?<br>- дел по дел и раскажувате;<br>-неколку пати ја читате лекцијата;<br>-прочитате еднаш а после прераскажувате;<br>-некој друг ви прочита а вие раскажете;<br>-вие ја прочитате лекцијата а друг ви објаснува; | |
| | в)Дали учите се по ред од учебникот/напамет/ или раскажувате со свои зборови? | |
| | г)Како реагира вашата Наставничка кога знаете се напамет што има во учебникот<br>-ве пофалува<br>-бара да објасните без учебник<br>-ви замерува што не знаете како точно пишува во учебникот | |
| *4..Разбирање на содржините во учебниците* | а)Дали се ви е јасно кога ќе читате од учебникот? | |
| | б)Во учебникот има зборови кои не ви се јасни и не ги разбирате? | |
| | в)Од кого барате помош кога нешто не ви е јасно во учебникот?<br>-од наставничката<br>-од родителите<br>-од другарчињата | |
| *5.Разбирање на* | а)Во учебниците има многу | |

| | | |
|---|---|---|
| *илустрациите во учебниците* | слики и илустрации, дали ви помагаат да го разберете текстот? | |
| | б)Дали знаете да ја раскажете лекцијата ако ја гледате сликата/илустрацијата? | |
| | в)Дали ви се допаѓаат илустрациите?<br>-што ви се допаѓа<br>-што не ви се допаѓа | |
| *6.Разбирање на прашањата во учебниците* | а)Дали во учебниците има прашања кои не ги разбирате и на кои не можете да одговорите? | |
| | б)Во кој учебник најчесто не ги разбирате прашањата? | |
| | в)Опишете какви сакате да бидат прашањата/задачите во учебниците | |
| | г)Наведете кој учебник најмногу ви се допаѓа и зошто? | |

## Прилог број II

# Pyetësor

Të nderuar mësues si u është e njohur se libri është komponenta kryesore për realizimin e procesit edukativo-arsimor.Qëllimi i keti hulumtimi është qe te mlidhen mendimet tuaja ne lidhje me perdormin e librit ne lëndë te ndryshme mesimore dhe fusha prograore.

Ju lutemi qe përgjigjet te jenë sa më te sakta .

Përgjigjet tuaja kanë vler te pazavendësuar për te kuptuar punen tonë arsimore.

Anketa është anonime

Ju faleminderit për bashkpunimin

TË DHËNA TË PËRGJITHSHME

6. Shkolla fillore ______________________________
7. Vendi ______________________
8. Viti i përvojës së punës në arsim ________
9. Niveli i arsimit : a) i mesëm) b) i lartë c) sipëror
10. Data __________

**Ju lutem rrethoni numrin përkatës në varshmëri prej pajtimit ose mospajtimit tuaj me pohimin e dhënë!**

3- në përgjithësi nuk është ashtu
4- pjesërisht
5- plotësisht është ashtu

| | Konstatime | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Orët mësimore i planifikoj dhe i realizoj për të i arritur qëllimet e programit arsimor për secilën lëndë mësimore duke shfrytëzur tekst autentik | 1 | 2 | 3 |
| 2 | Përzgjedhjen e teksteve e kryejm në pajtim me kolegët dhe koleget tjerë | 1 | 2 | 3 |
| 3 | Përzgjedhjen e teksteve e kryej sipas polularitetit të autorit të librit | 1 | 2 | 3 |
| 4 | Përzgjedhjen e tekstit e kryej sipas sugjestioneve këshilltarit kompetent | 1 | 2 | 3 |
| 5 | Përzgjedhjen e tekstit e kryej sipas sugjestionit të drejtorit dhe shërbimit professional të shkollës | 1 | 2 | 3 |
| 6 | Për realizimin e secilës orë mësimore shfrytëzoj literaturë profesionale, internet dhe burime tjera | 1 | 2 | 3 |
| 7 | Për përgaditjen dhe realizmin e secilës orë shfrytëzoj tekst autentik | 1 | 2 | 3 |
| 8 | Tekstet i shfrytëzoj që të jem i sigurtë se do të sigrojë orë kualitative si dhe të arrij qëllimet operative të vëna të ores | 1 | 2 | 3 |
| 9 | Gjatë realizmit të ores shfrytëzoj tekste dhe aparatur didaktike | 1 | 2 | 3 |
| 10 | Gjatë realizmit të orës shfrytëzoj ilustrime dhe material të tjera audio-vizuele | 1 | 2 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Planifikoj dhe zbatoj metoda arsimore të ndryshme si dhe teknika të të mësuarit të cilët janë të kushtëzuar prej nivelit të përparimit të nxënësve | 1 | 2 | 3 |
| 12 | Në secilin tekst kërkoj dhe gjej detyra me përbërje të ndryshme nivelesh si dhe me rëndësi, që të kenë mundësi nxënësit të përgjigjen | 1 | 2 | 3 |
| 13 | Tekstin e shfrytëzoj për punë të nxënësve në forma të ndryshme organizimi për punën arsimore | 1 | 2 | 3 |
| 14 | Disa tekste nuk kanë mundësi për punë diferenciale me nxënësit me të arritura të ndryshme në mësim | 1 | 2 | 3 |
| 15 | Në arsim i shfrytëzoj tekstet e parapara dhe i udhëzoj të gjithë nxënësit që të bëjnë aktivitete të cilat janë të parashikuara në ato | 1 | 2 | 3 |
| 16 | Tekstet i shfrytëzoj në pjesën fillestare të orës | 1 | 2 | 3 |
| 17 | Tekstet i shfrytëzoj në pjesën qëndrore të ores | 1 | 2 | 3 |
| 18 | Tekstet i shfrytëzoj në pjesën përfundimtare të ores | 1 | 2 | 3 |
| 19 | Prej teksteve shfrytëzoj të dhëna të cilat paraprakisht i kontrolloj nga tjera burime | 1 | 2 | 3 |
| 20 | Shfrytëzoj modele të punës me nxënës për aktivizimin e nxënësve me tempo të ngadalashëm për përaprim në mësim | 1 | 2 | 3 |
| 21 | Shfrytëzoj modele të punës me nxënës për aktivizimin e nxënësve me tempo të shpejt për përaprim në mësim | 1 | 2 | 3 |
| 22 | I respektoj drjetimet metodo-didaktike të cilat i përmban teksti | 1 | 2 | 3 |
| 23 | Gjatë orës i shfrytëzoj shembujt të cilët janë ta dhënë në tekst | 1 | 2 | 3 |
| 24 | Tekstet i shfrytëzoj për dhënien e detyrave të shtëpisë të cilat duhet të i punojnë nxënësit | 1 | 2 | 3 |
| 25 | Në orë nuk i shfrytëzoj tekstet por u a preferoj nxënësve që ata të mësojnë në shtëpi | 1 | 2 | 3 |

## Protokoli
## për intervistim me grupë fokus nxënësish prej klasës së katërt

***Të dhëna të përgjithshme***

1. Shkolla fillore ______________________________
2.Vendi ______________________
3.Data __________________
4.Udhëheqësja e intervistës: Samija Alili
5. Procesverbalistja: Mirade Idrizi

| Pikat fokusale të intervistimit | Deskriptori i pyetjeve inicuese | Lidhja direkte |
|---|---|---|
| ***1. Raporti ndaj nxënësve*** | a) A i keni të gjtha tekstet e nevojshme? | |
| | b) A i shikoni shpesh tekstet dhe atë që nuk e keni mësuar? | |
| | c) A i shfrytëzoni shpesh? | |
| | d) Në cilën lëndë më së shumti e shfrytëzoni tekstin në orë? | |
| ***2. Raporti i të mësuarit prej librit(Tekstit)*** | a) Çka më së shumti doni të mësoni?<br>- lëndë të preferuara<br>- aktivitete të dashura | |
| | b) Çka më së shumti ju pëlqen tek libri?<br>- teksti/ për të lexuar<br>- fotot dhe ilustrimet | |
| | c) A është më lehtë të mësoni nga tekstet në shtëpi pas orëve? | |
| | d) A ju duhet ndihmë gjatë të mësuarit nga librat(Tekstet)? | |

| | | |
|---|---|---|
| | e) Cili libër ju pëlqen dhe pse? | |
| | f) Cili libër s'ju pëlqen fare? | |
| **3.** ***Mënyra të të mësuarit nga libri (Teksti)*** | a) Përshkruani a mësoni më lehtë nga libri kur mësuesi do të ju sqaroj apo mësoni vetë? | |
| | b) Si mësoni prej librit?<br>- pjesë-pjesë dhe spjegoni;<br>-disa herë e lexoni lekcionin;<br>-e lexoni një herë e më pastaj e rishpjegoni;<br>-dikush tjetër ju lexon e ju më pastaj spjegoni<br>-ju e lexoni lekcionin dhe tjetër u shpjegon; | |
| | c) A mësoni me rend në libër /përmendësh/ apo shpjegoni me fjalët tuaja? | |
| | d) Si reagon mësuesja e juaj kur ju dini gjithçka përmendësh që ka në libër<br>- ju lavdëron<br>- kërkon të sqaroni pa libër<br>- ju kundërshton që se dini saktësisht se si shkruan në libër (Tekst) | |
| *4. Të kuptuarit e përmbajtjeve në libra* | a)A ju është e qartë gjithçka kur lexoi nga libri? | |
| | b) Në libër ka fjalë që nuk u janë të qarta dhe nuk i kuptoni? | |

| | | |
|---|---|---|
| | c) Prej kujt kërkoni ndihmë kur diçka u është e paqartë juve?<br>- prej mësuesës<br>- prej prindërve<br>- prej shokëve | |
| ***5. Të kuptuarit e ilustrimeve në libra (Tekste)*** | a) Në libra ka shumë foto dhe ilustrime, a ju ndihmojnë në të kuptuarit e tekstit? | |
| | b) A dini ta shpjegoni kekcionin nëse e shikoni foton / ilustrimin? | |
| | c) A ju pëlqejnë ilustrimet?<br>- çka ju pëlqen?<br>- çka nuk ju pëlqen? | |
| ***6. Të kuptuarit e pyetjeve në libër shkollor*** | a) A ka në libër pyetje të cilët nuk i kuptoni dhe të cilëve nuk mundeni të ju përgjigjeni? | |
| | b) Në cilin libër më së shumti nuk i kuptoni pyetjet? | |
| | c) Përshkruani se si doni që të jenë pyetjet/detyrat në tekst? | |
| | d) Theksoni se cili libër ju pëlqen dhe pse? | |